# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РАДОВИШ


| Службен гласник на општина Радовиш Излегува по потреба | Среда Декември 2023 година Број 25/2023 год. | Жиро сметка бр: 758014072063018 Даночен бр.: 4023005116486 |
|---|---|---|


Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за прогласување и објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за финансиски резултати за период од 01.07.2023 год. до 30.09.2023 година од Јавно претпријатие за стопанисување со спортски објекти Радовиш**

Го прогласувам и објавувам заклучокот за усвојување на Извештај за финансиски резултати за период од 01.07.2023 год. до 30.09.2023 година од Јавно претпријатие за стопанисување со спортски објекти Радовиш, бр.08-1882/1

што советот на Општина Радовиш го донесе на седница одржана на 26.12.2023 година.

Број 09-1882/2 Градоначалник
Дата 27.12.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов Digitally signed

Врз основа на член 22, член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) а согласно член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на XLII седница одржана на 26.12.2023 година донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**за усвојување на Извештај за финансиски резултати за период од 01.07.2023 год. до 30.09.2023 година од Јавно претпријатие за стопанисување со спортски објекти Радовиш**

I. Се усвојува Извештај за финансиски резултати за период од 01.07.2023 год. до 30.09.2023 година од Јавно претпријатие за стопанисување со спортски објекти Радовиш, бр.03-316/1 од 18.12.2023 година, наш бр.08-61/54 од 18.11.2023 година.

II. Заклучокот влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш".

Број 08-1882/1 Совет на Општина Радовиш
Дата 26.12.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за прогласување и објавување на Заклучок за не донесување Одлука за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈПКД Плаваја ПО Радовиш за регулиран период 2024-2026 година бр.0202-1273/2 од 21.12.2023 година, наш бр.09-51/125 од 25.12.2023 година**

Го прогласувам и објавувам заклучокот за не донесување Одлука за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈПКД Плаваја ПО Радовиш за регулиран период 2024-2026 година бр.0202-1273/2 од 21.12.2023 година, наш бр.09-51/125 од 25.12.2023 година, бр.08-1882/3

што советот на Општина Радовиш го донесе на седница одржана на 26.12.2023 година.

Број 09-1882/4 Градоначалник
Дата 27.12.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 36 од Статутот на Општина Велес,

Советот на Општина Радовиш на XLII седница одржана на 26.12.2023 година донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за не донесување Одлука за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈПКД Плаваја ПО Радовиш за регулиран период 2024-2026 година бр.0202-1273/2 од 21.12.2023 година, наш бр.09-51/125 од 25.12.2023 година**

1.Советот на Општина Радовиш не ја донесе Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈПКД Плаваја ПО Радовиш за регулиран период 2024-2026 година бр.0202-1273/2 од 21.12.2023 година, наш бр.09-51/125 од 25.12.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш"..

Број 08-1882/3 Совет на Општина Радовиш
Дата 26.12.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за измена на Одлука бр. 08-1810/1 од 18.12.2023 год. за доделување на годишни награди за учебната 2022-2023 на талентирани ученици и ментори во основото и средното образование во општинските училишта од општина Радовиш

Ја прогласувам и објавувам одлуката за измена на Одлука бр. 08-1810/1 од 18.12.2023 год. за доделување на годишни награди за учебната 2022-2023 на талентирани ученици и ментори во основото и средното образование во општинските училишта од општина Радовиш, бр.08-1883/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 26.12.2023 година.

Број 09-1883/2 Градоначалник
Дата 27.12.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов Digitally signed

Согласно член 36 од Законот за локална самоупава (Сл.весник на РМ бр.5/2002), член 21 од Статутот на општина Радовиш а во врска со член 2 став 3 од Правилникот за доделување на годишни награди на талентирани ученици, ментори во основното и во средното образование во општина Радовиш бр. 08-1919/2 од

20.12.2023 год.,

Советот на општина Радовиш, на XLII седница одржана на ден 26.12.2023 година ја донесе следната :

ОДЛУКА
за измена на Одлука бр. 08-1810/1 од 18.12.2023 год. за доделување на годишни награди за учебната 2022-2023 на талентирани ученици и ментори во основото и средното образование во општинските училишта од општина Радовиш

Член 1
Од доделените годишни награди за учебната 2022-2023 на талентирани ученици и ментори во основото и средното образование во општинските училишта од општина Радовиш,се бришат:

1. Деница Трајанова - прво место - 6000 ден. од СОУ „КОСТА СУСИНОВ"
2. Розита Јованова - трето место - 2000 ден. од ООУ „НИКОЛА КАРЕВ"

а се додава:
1. Матеј Цветковски – трето место – 2.000 ден. од ООУ НИКОЛА КАРЕВ

Член 2
Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на општина Радовиш„ и на web страната на општина Радовиш.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Беше утврдено дека учениците Деница Трајанова и Розита Јованова се корисници на стипендија и согласно член 2 став 3 од Правилникот, немаат право на еднократна награда. Ученикот Матеј Цветковски има освоено две трети места на државен натпревар, а моментално не е корисник на стипендија, иако претходно користел стипендија преку МОН.

Број 08-1883/1 Совет на Општина Радовиш
Дата 26.12.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
за прогласување и објавување на Заклучок за не донесување Одлука за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈПКД Плаваја ПО Радовиш за регулиран период 2024-2026 година бр.0202-1273/3 од 21.12.2023 год., наш бр.09-51/124 од 25.12.2023 година

Го прогласувам и објавувам заклучокот за не донесување Одлука за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈПКД Плаваја ПО Радовиш за регулиран период 2024-2026 година бр.0202-1273/3 од 21.12.2023 год., наш бр.09-51/124 од 25.12.2023 година, бр.08-1883/3

што советот на Општина Радовиш го донесе на седница одржана на 26.12.2023 година.

Број 09-1883/4 Градоначалник
Дата 27.12.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 36 од Статутот на Општина Велес,

Советот на Општина Радовиш на XLII седница одржана на 26.12.2023 година донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за не донесување Одлука за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈПКД Плаваја ПО Радовиш за регулиран период 2024-2026 година бр.0202-1273/3 од 21.12.2023 год., наш бр.09-51/124 од 25.12.2023 година**

1.Советот на Општина Радовиш не ја донесе Одлуката за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈПКД Плаваја ПО Радовиш за регулиран период 2024-2026 година бр.0202-1273/3 од 21.12.2023 год., наш бр.09-51/124 од 25.12.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш"..

Број 08-1883/3 Совет на Општина Радовиш
Дата 26.12.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на измена на ПРАВИЛНИК за доделување на стипендии на талентирани ученици во основното и во средното образование од општината Радовиш

Ја прогласувам и објавувам измената на ПРАВИЛНИК за доделување на стипендии на талентирани ученици во основното и во средното образование од општината Радовиш, бр.08-1884/1 што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 26.12.2023 година.

Број 09-1884/2 Градоначалник
Дата 27.12.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов Digitally signed

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/02), и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на општина Радовиш, на XLII седница одржана на ден 26.12.2023 година ја донесе следната :

Измена на ПРАВИЛНИК
за доделување на стипендии на талентирани ученици во основното и во средното образование од општината Радовиш

**1. ЗА ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ ИСКЛУЧИВО ПО ОСНОВ НА ПОСТИГНАТ УСПЕХ – БЕЗ СОЦИЈАЛНИ КРИТЕРИУМИ**

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдуваат условите, критериумите и постапката за доделување на стипендии на студенти и ученици во средното образование од општина Радовиш.

***I. Општи одредби***

**Член 2**

Општината Радовиш доделува вкупно **16 стипендии на ученици во основните училишта** од општината Радовиш и **13 стипендии за ученици во средното училиште** од општината Радовиш.

**<u>Стипендии на учениците од основно образование</u>**

Се доделуваат вкупно 16 (шеснаесет) стипендии на учениците од основното образование по завршено:

а) петто одделение со важност за шесто одделение

б) шесто одделение со важност за седмо одделение
в) седмо одделение со важност за осмо одделение и за
г) осмо одделение со важност за деветто одделение

За секоја учебна година ќе се доделуваат по 4 (четири) стипендии за прворангираните кандидати, поединечно за сите погореспомнати одделенија без разлика од кое општинско основно училиште се јавуваат кандидатите.

**Стипендии на учениците од средното образование**

Со цел да се стимулира запишувањето на завршените деветтоодделенци во СОУ „Коста Сусинов" Радовиш, се доделуваат вкупно 10 (десет) стипендии.
Стипендиите, согласно критериумите се доделуваат на по 2 (два) ученика, од сите пет основни училишта во општина Радовиш кои се запишани во прва година во СОУ „Коста Сусинов" Радовиш.

По завршена прва година во СОУ „Коста Сусинов" Радовиш ќе се доделуваат уште 3 (три) стипендии, почнувајќи од:
а) по завршена прва година со важност за втора година
б) по завршена втора година со важност за трета година и
в) по завршена трета година со важност за четврта година.

По овој основ ќе се доделуваат три стипендии за секоја учебна година.

Стипендиите се доделуваат за 9 (девет) месеци во текот на една училишна, односно учебна година.
Износот на стипендијата за основните училишта е 2.500 денари месечно, а за средните училишта 3.000 денари месечно.
Стипендиите се неповратни.
Исплатата на стипендиите се врши, почнувајќи од месец Септември, а завршува заклучно со месец Мај за тековната учебната година.

***II. Право на стипендија***

**Член 3**

Право на стипендија имаат учениците кои се:

- Жители на општината Радовиш (од градот Радовиш и населените места кои припаѓаат на општината Радовиш);
- Државјани на Република Македонија;
- Редовни ученици во основното и средното образование;
- Не се корисници на стипендија, или кредит од други институции;

***III. Критериуми за доделување на стипендија***

**Член 4**

-Континуиран остварен одличен успех - скроз одличен и примерно поведение во текот на школувањето и редовност во школувањето. По овој основ може да се добијат 40 бода.
-Редовно посетување на наставата и наставните содржини. По овој основ може да се добијат 5 бода.
-Талентираност на ученикот изразена преку освоено прва, втора, или трета награда низ системот на образованието во поединечна, или групна конкуренција на општинските, регионалните и државните натпревари.
Освоените награди ќе се бодуваат на следниот начин:

| Освоени награди и први места на натпревари | |
|---|---|
| **Општински натпревари** | **Максимален број на бодови** |
| Прво место | 4 бодови |
| Второ место | 3 бодови |
| Трето место | 2 бодови |
| **Регионални натпревари** | |
| Прво место | 7 бодови |
| Второ место | 6 бодови |
| Трето место | 5 бодови |

| Државни натпревари | |
|---|---|
| Прво место | 10 бодови |
| Второ место | 9 бодови |
| Трето место | 8 бодови |

Напомена: Нема да се земат во предвид дипломи и признанија освоени надвор од образовните натпревари во системот на образованието (на разни фестивали, манифестации и сл.).
Препорака од ментор – 2 бода
Препорака од наставничкиот колегиум на училиштето – 3 бода

***IV. Потребни документи***

-Потврда за редовно запишана година, односно Потврда за започната учебна година,
-Копии од свидетелствата од секоја завршена година, почнувајќи од свидетелството за 5 одд, па натаму со сите свидетелства се до 9 одделение за учениците од основно образование и свидетелства за завршена прва, односно втора, или трета година за учениците од средното образование образование
-Препорака од Ментор
-Препорака од Наставнички совет и
-Дипломи од освоени прва, втора, или трета награда на општински, државен / регионален и меѓународен натпревар

Во случај на ист број бодови, Комисијата за доделување на ученички стипендии ќе побара од родителите/старателите на учениците:
-Уверение за остварени приходи од УЈП за материјалните примања на семејството на ученикот. Приходите ќе бидат поделени месечно по број на членови на семејството, врз основа на издадено семејно уверение.
Стипендијата ќе биде доделена на ученикот со помали месечни примања по член на семејство.

**2. ЗА ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ ПО ОСНОВ НА ПОСТИГНАТ УСПЕХ - И ПО ОСНОВ НА СОЦИЈАЛНИ КРИТЕРИУМИ**

**Член 5**

Согласно овој член, на Конкурсот за доделување на ученички стипендии конкурираат учениците чиишто семејства се социјално загрозени.
По овој основ, општината ќе додели најмногу до 10 (десет) стипендии, без разлика дали учениците се од основно, или од средно образование.
Стипендиите се доделуваат за 9 (девет) месеци во текот на една училишна, односно учебна година.
Износот на стипендијата изнесува 3.000 денари месечно.
Стипендиите се неповратни.
Исплатата на стипендиите се врши, почнувајќи од месец Септември, а завршува заклучно со месец Мај за тековната учебната година.

**Член 6**

Кандидатот за општинска ученичка стипендија е должен да поднесе:
-Потврда за редовно запишана година, односно Потврда за започната учебна година,
-Копии од свидетелствата од секоја завршена година, почнувајќи од свидетелството за 5 одд, па натаму со сите свидетелства се до 9 одделение за учениците од основно образование и свидетелства за завршена прва, односно втора, или трета година за учениците од средното образование;
-Препорака од Ментор;
-Препорака од Наставнички совет;
-Дипломи од освоени прва, втора, или трета награда на општински, државен / регионален и меѓународен натпревар;
-Уверение за остварени приходи од УЈП за материјалните примања на семејството на ученикот.;

-Потврда за плата на родителите – од Јануари до датумот на распишување на конкурсот, или потврда од Бирото за вработување дека се пријавува како невработено лице;
-Корисниците на социјална помош да доставт и Потврда од Центарот за социјална работа.

**Член 7**

Учениците коишто ќе конкурираат се должни да нагласат по кој основ конкурираат: по основ на ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ САМО ПО ОСНОВ НА ПОСТИГНАТ УСПЕХ, или по ОСНОВ НА ПОСТИГНАТ УСПЕХ – И ПО ОСНОВА НА СОЦИЈАЛНИ КРИТЕРИУМИ со цел комисијата за доделување јасно да ги класифицира барањата за стипендии уште во самиот почеток на бодирањето во кои ќе бидат означени овие основи за конкурирање.

**Член 8**

Пријавите со документите се доставуваат до архивата во општината Радовиш, или по пошта на адреса:

*ЕЛС Општина Радовиш, Бул. "Александар Македонски" бр.7, Радовиш.*

**Член 9**

Стипендиите се доделуваат врз основа на распишан Конкурс.

Конкурсот го распишува Градоначалникот на општина Радовиш.

Конкурсот трае 15 дена од денот на објавувањето.

Конкурсот се објавува на огласната табла во општината, во локалните медиуми и на ВЕБ страната на општината.

Конкурсот се распишува во октомври-ноември.

**Член 10**

Доставените пријави по Конкурсот за доделување на стипендии, ги разгледува Комисија која ја формира Градоначалникот на општина Радовиш.

Комисијата е составена од 3 (три) члена и нивни заменици.

Мандатот на членовите на Комисијата трае 4 (четири) години со можност за повторно именување.

**Член 11**

Комисијата за доделување на стипендии работи во полн состав.

Комисијата за доделување на стипендии некомплетните и неблаговремени пријави не ги разгледува.

Комисијата за својата работа води Записник.

Комисијата од пристигнатите пријави утврдува ранг листа и му ја доставува на Градоначалникот на разгледување и одлучување.

Градоначалникот врз основа на доставената ранг листа, донесува Одлука за доделување на стипендии на студенти и ученици во средното образование од општината Радовиш.

За Одлуката за доделување на стипендии се известуваат кандидатите на кои им е доделена стипендија и кои се одбиени.

Против Одлуката на Градоначалникот може да се поднесе Приговор во рок од 5 (пет) дена од денот на добивањето на Одлуката.

Приговорот се поднесува до Градоначалникот на општината Радовиш.

**Член 12**

На ученикот, кој ќе даде лажни податоци поврзани со остварувањето на правото на стипендија ќе му биде раскинат Договорот за користење на стипендијата, а исплатените средства е должен да ги врати на општината.

На ученикот ќе му биде раскинат договорот за користење на стипендија и во случаи на недолично однесување во средината (направено криминално дело, пијанчење, тепачка и слично).

**Член 13**

Со секој ученик на кој му е доделена стипендија ќе биде склучен посебен Договор во кој подетално ќе се уредат начинот и условите за користење на стипендијата.

**Член 14**

Учениците на кои што им е доделена стипендија имаат обврска да извршуваат практична работа во органите и установите на општината во траење од 15 дена за време на летниот распуст, т.е. во месеците Јули и Август.

**Член 15**

Правилникот стапува во сила од денот на донесувањето и ќе се објави во Службен гласник на општина Радовиш.

Број 08-1884/1 Совет на Општина Радовиш
Дата 26.12.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за прогласување и објавување на Заклучок за не донесување Одлука за утврдување на тарифа за прочистување на отпадни води на ЈПКД Плаваја ПО Радовиш за регулиран период 2024-2026 година, бр.0202-1273/4 од 21.12.2023, наш бр.09-51/123 од 25.12.2023 година**

Го прогласувам и објавувам заклучокот за не донесување Одлука за утврдување на тарифа за прочистување на отпадни води на ЈПКД Плаваја ПО Радовиш за регулиран период 2024-2026 година, бр.0202-1273/4 од 21.12.2023, наш бр.09-51/123 од 25.12.2023 година, бр.08-1884/3

што советот на Општина Радовиш го донесе на седница одржана на 26.12.2023 година.

Број 09-1884/4 Градоначалник
Дата 27.12.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 36 од Статутот на Општина Велес,

Советот на Општина Радовиш на XLII седница одржана на 26.12.2023 година донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за не донесување Одлука за утврдување на тарифа за прочистување на отпадни води на ЈПКД Плаваја ПО Радовиш за регулиран период 2024-2026 година, бр.0202-1273/4 од 21.12.2023, наш бр.09-51/123 од 25.12.2023 година**

1.Советот на Општина Радовиш не ја донесе Одлуката за утврдување на тарифа за прочистување на отпадни води на ЈПКД Плаваја ПО Радовиш за регулиран период 2024-2026 година, бр.0202-1273/4 од 21.12.2023, наш бр.09-51/123 од 25.12.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш"..

Број 08-1884/3 Совет на Општина Радовиш
Дата 26.12.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за прогласување и објавување на Одлука за донесување на Програма за активностите на Општина Радовиш во областа на образованието во 2024 година и Програма за активностите на Општина Радовиш во областа на образованието во 2024 година**

Ја прогласувам и објавувам одлуката за донесување на Програма за активностите на Општина Радовиш во областа на образованието во 2024 година бр.08-1885/1 и Програма за активностите на Општина Радовиш во областа на

образованието во 2024 година бр.08-1885/2

што советот на Општина Радовиш ѓи донесе на седница одржана на 26.12.2023 година.

Број 09-1885/3
Дата 27.12.2023 г.
Радовиш

Градоначалник
на Општина Радовиш
Ацо Ристов Digitally signed

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа(Сл.Весник на РМ 5/02) и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на општина Радовиш, на XLII седница одржана на ден 26.12.2023 година ја донесе следната :

**ПРОГРАМА**
**ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА РАДОВИШ ВО ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО ВО 2024 година**

**I.Вовед**

Образованието, како една од најсуштествените сфери во делот на школувањето и едукацијата на младите генерации во општина Радовиш е од витално значење за идниот развој на општина Радовиш. Со оваа Програма ќе се даде акцент на неколку важни сегменти во доменот на стимулирањето на успехот на учениците, јакнењето на натпреварувачкиот дух помеѓу учениците, стимулирањето на талентите, саемската презентација на најуспешните постигнувања на учениците и јакнењето на мултиетничката интеграција во општинските училишта во општина Радовиш, но ќе се даде и преглед на приоритетнитите предлози за спроведувањето проекти во областа на на Образование во општина Радовиш.

**II. Цели**

Создавање на натпреварувачка атмосфера во училиштата со цел подигнување на нивото на просечниот успех на учениците во образовниот процес, како и стимулирање на талентираните ученици во сите сфери на науката, уметноста и спортот како и стимулирање на на наставниците, кои работат со талентираните ученици.

**III. Активности**

Главните активности ќе се однесуваат на :

**1.Стипендирање на ученици** во основните училишта и во средното училиште во општина Радовиш согласно Одлуката за доделување на стипендии на ученици во основното и во средното образование од општината Радовиш бр.07-1330/2 од 04 јули 2013 г. и (Сл. Гласник на општина Радовиш бр.) и Правилникот за доделување на стипендии на ученици во основното и во средното образование од општината Радовиш.

Согласно овие акти во општина Радовиш ќе се доделат вкупно 39 стипендии на ученици.

16 (шеснаесет) стипендии на талентирани ученици од VI до IX одделение, по 4 стипендии за секое одделение од 6 до 9 то одд. во висина од 2.500 денари месечно , а се исплатува 9 (девет) месеци во годината.

13 (тринаесет) стипендии на талентирани ученици од I-IV година во средно образование од кои: 10 (десет) стипендии во прва година – по две за ученици од сите 5 општински основни училишта и по една за 2, 3 и 4 година, во висина од 3.000 денари месечно , а се исплатува 9 (девет) месеци во годината.

10 (десет) стипендии по основ на социјална положба, во износ од 3.000 ден.

**Вкупен износ на средства потребни за оваа активност = 981.000 ден**

**2.Наградување на талентирани ученици и ментори** во образовните установи во општина Радовиш.

За овој сегмент од програмата согласно новиот Правилник во општина Радовиш ќе се доделат еднократни награди за освоени први, втори и трети места на државни и меѓународни училишни натпревари на талентирани ученици и на нивните ментори од 6 до 9 одделение во основното и од 1 до 4 година во средното образование.

**Вкупен износ на средства потребни за оваа активност = 200.000 ден.**

**3.Проект : МОЕ СРЕДНО УЧИЛИШТЕ – МОЈА ИДНИНА - Училишен научен саем за општински училишта во општина Радовиш**

Саемот се планира да се одржи на почетокот од Мај месец 2023 год. и содржи аспекти на кабинетско и штандовско изложување, сценска презентација на училишната лична карта и културно - уметничка програма.

Во контекст на кабинетското и штандовското изложување, училиштето ги изложува највредните проекти од сите предмети, вклучително и техниката со коишто постигнале успеси, или освоиле награди во тековната учебна година со целосна слобода во начинот и инвентивноста со која ќе ги уреди своите штандови,

Исто така средното училиште се преставува и со рекламно – пропаганден карактер како флаери, брошури и банери флери, со цел за максимално запознавање и анимирање на деветоделенците од општина Радовиш со можностите на средното образование и остручувањето во СОУ Коста Сусинов, како и со дуалните паралелки кои се организираат заради потребите на бизнис секторот од стручни профили и заради ефикасно и брзо вработување на учениците кои ќе изберат вакви струки и профил на средниот образование.

**Средства за оваа активност ќе бидат предвидени во СОУ Коста Сусинов.**

**4. Најдобар наставник**

По повод Денот на просветата и Светите браќа Кирил и Методиј - 24 Мај, општина Радовиш ќе додели годишни награди за најдобрите наставници од одделенска и предметна настава во основните училишта и за најдобриот наставник од средното училиште, како и награди за најдобри воспитувачи и негователки во детските градинки.

Вкупно ќе бидат доделени тринаесет награди од кои десет во основните училишта, една во средното училиште и две награди во детската градинка.

Наградите од страна на општината Радовиш ќе се доделат на наставниците, коишто со својата работа допринеле кон остварување на одлични резултати на учениците, како и врвни резултати на општинските, регионалните, државните и меѓународните натпревари.

**Вкупен износ на средства потребни за оваа активност = 65.000 ден.**

**5. Матурска поддршка**

Со цел да се даде поддршка на сите завршени средношколци - матуранти во тековната учебна 2024 година, како и на СОУ Коста Сусинов Радовиш и родителите на децата – матуранти, општина Радовиш ќе партиципира со покривање на трошоците на завршните свечености по повод одбележувањето на матурата на матурантите за генерацијата 2024 г.

**Вкупен износ на средства потребни за оваа активност = 220 000.00 ден.**

**6. Мултиетничка интеграција на младите во образованието**

Меѓуетничката интеграција во образованието започна како проект во образованието во 2013 година со поддршка на УСАИД. Целта на проектот е надминување на етничките разлики меѓу децата, градење на подобар соживот и

подобрување на средината во која учат младите со реновирање на просторот, потоа обуки за разновидност, техничка помош и стимул на училиштата. МИО активностите станаа и дел од законските обврски на училиштата опфатени во делот на евалуациите. Улогата на општината беше да соработува и да учествува во координацијата на МИО активностите со невладините организации во Република Македонија, (МЦГО), кои во почетокот беа носители и главни координатори овој проект доби нов формат и продолжи под мотото Мултиетнчката интеграција во образование и младите – со целна група во предметна настава од 6 до 9 одделение во основните училишта и од 1 до 4 година во средното училиште. Во оваа програма предвидуваме неколку активности за стимулирање на МИО во општина Радовиш:

**6/1 Мултиетнички саем на сите училишта во општина Радовиш** на кој ќе се презентира мултиетничкта разновидност и интеракцијата на учениците од македонска и турска националност со презентација на меѓусебни активности и активностите со партнерските училишта од други општини во Р.Македонија.

**6/2 Мултиетнички караван** со мешовит состав и меѓусебно запознавање на мултиетничките разновидности од културен, верски и традиционален аспект со прецизна агенда на посети на мултетнички и мултикултурни објекти, знеменитости и вредности

**6/3 Настава на наш-нивен јазик** со наши наставници на час со наши соученици, наша историја, култура, литература со вонннаставни активности со наша настава на нивен јазик, нивни наставници на час со нивни соученици, нивна историја, култура и литература – со еден збор мултиетничка интеракција во мешовити состави со цел – запознавање и зближување на различностите.

**Вкупен износ на средства потребни за оваа активност = 20 000 ден.**

**6.ДОДЕЛУВАЊЕ НА УЧИЛИШЕН ПРИБОР** – ПАКЕТЧИЊА за учениците кои ќе тргнуваат во прво одделение.

**Вкупен износ на средства потребни за оваа активност = 300.000 ден.**

**ВКУПНО ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА ЗА ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА РАДОВИШ ВО ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО ВО 2024 год. = 1.786.000 ден.**

Програмата влегува во сила од денот на донесувањето а ќе биде објавена во „Службен гласник на општина Радовиш".

Број 08-1885/2 Совет на општина Радовиш
Дата 26.12.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа(Сл.Весник на РМ 5/02) и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на општина Радовиш, на XLII седница одржана на ден 26.12.2023 година ја донесе следната :

## О Д Л У К А
за донесување на Програма за активностите на Општина Радовиш во областа на образованието во 2024 година

I. Се донесува Програма за активностите на Општина Радовиш во областа на образованието во 2024 година.

II. Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесување а ќе биде објавена во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Број 08-1885/1 Совет на Општина Радовиш
Дата 26.12.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

**РЕШЕНИЕ**

**за прогласување и објавување на Одлука за прифаќање донација - автобус, марка ZASTAVA TURBO RIVAL 49-10 H од ДПТУ БУЧИМ ДООЕЛ**

Ја прогласувам и објавувам одлуката за прифаќање донација - автобус, марка ZASTAVA TURBO RIVAL 49-10 H од ДПТУ БУЧИМ ДООЕЛ, бр.08-1886/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 26.12.2023 година.

Број 09-1886/2 Градоначалник
Дата 27.12.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов Digitally signed

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр. 05/02), член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на општина Радовиш, на XLII седница одржана на ден 26.12.2023 година ја донесе следната :

**ОДЛУКА**

**За прифаќање донација - автобус, марка ZASTAVA TURBO RIVAL 49-10 H од ДПТУ БУЧИМ ДООЕЛ**

**Член 1**

Општина Радовиш ја прифаќа донацијата – автобус марка ZASTAVA TURBO RIVAL 49-10 H со број на шасија: ZCFC497000Z013422, со година на производство 2001, од ДПТУ БУЧИМ ДООЕЛ.

**Член 2**

Градоначалникот на општина Радовиш се овластува да го потпише договорот за донација со ДПТУ БУЧИМ ДООЕЛ.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Радовиш".

Број 08-1886/1 Совет на Општина Радовиш
Дата 26.12.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

**РЕШЕНИЕ**

**за прогласување и објавување на Одлука со која во идна урбанистичко планска документација за**

**КО Подареш** ќе се изврши усогласување на намените, проширување и вклопување на бесправно изграден објект во плански опфат

Ја прогласувам и објавувам одлуката со која во идна урбанистичко планска документација за **КО Подареш** ќе се изврши усогласување на намените, проширување и вклопување на бесправно изграден објект во плански опфат, бр.08-1887/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 26.12.2023 година.

Број 09-1887/2 Градоначалник
Дата 27.12.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов Digitally signed

Врз основа на член 4 став 1од Законот за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл. Весник на РМ 23/2011; 54/2011; 155/12; 53/2013; 72/2013; 44/14; 115/14; 199/14; 124/14; 129/15; 217/15 , 31/16 , 190/17 и 174/21) и член 1 и 2 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во Урбанистичко планска документација (Сл.Весник на РМ бр. 56/11; 162/12), и чл.21. ст1 т. 43 од Статутот на Општина Радовиш,

Советот на општина Радовиш, на XLII седница одржана на ден 26.12.2023 година ја донесе следната :

## ОДЛУКА

со која во идна урбанистичко планска документација за **КО Подареш** ќе се изврши усогласување на намените, проширување и вклопување на бесправно изграден објект во плански опфат

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува во идна урбанистичко-планска документација за **КО Подареш**, да се изврши усогласување на намените, проширување и вклопување на бесправно изграден објект во плански опфат и тоа:

**Објект:**

- Станбен објект (викендица) во приземје (ПРСТ) – зграда бр.6 кој се наоѓа на парцела со КП.бр.1 запишана во имотен лист бр. 1516, КО Подареш, м.в. ГОТЕН, по поднесено Барање бр.26-2579 од 27.08.2011 година од страна на барателот **Горан Димановски.**

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Радовиш„.

Број 08-1887/1 Совет на Општина Радовиш
Дата 26.12.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

## РЕШЕНИЕ

за прогласување и објавување на Одлука за донесување на Програма за управување и одржување на градски гробишта во Општина Радовиш и населените места Раклиш, Ораовица, Јаргулица, Покрајчево за 2024 година и Програма за управување и одржување на градски гробишта во Општина Радовиш и населените места Раклиш, Ораовица, Јаргулица, Покрајчево за 2024 година

Ја прогласувам и објавувам одлуката за донесување на Програма за управување и одржување на градски гробишта во Општина Радовиш и населените места Раклиш, Ораовица, Јаргулица, Покрајчево за 2024 година бр.08-1888/1 и Програма за управување и одржување на градски гробишта во Општина Радовиш и населените места Раклиш, Ораовица, Јаргулица, Покрајчево за 2024 година, бр.08-1888/2

што советот на Општина Радовиш ќи донесе на седница одржана на 26.12.2023 година.

Број 09-1888/3 Градоначалник
Дата 27.12.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов Digitally signed

Врз основа на член 7 од Законот за комуналните дејности ( „Службен весник на РМ" број 111/08 ), член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 17 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на општина Радовиш, на XLII седница одржана на ден 26.12.2023 година ја донесе следната :

# ПРОГРАМА

## за управување и одржување на градските гробишта во општина Радовиш, и населените места Раклиш, Ораовица, Јаргулица, Покрајчево за 2024 година

## ВОВЕД

Јавното претпријатие за комунални дејности Плаваја Радовиш како носител на целокупните комунални дејности на територијата на општина Радовиш преку одделението за Гробишта врши дејности во оваа област и тоа во градот Радовиш и во населените места Раклиш, Ораовица, Јаргулица и Покрајчево.

Со оваа програма се утврдува видот, физичкиот обем и вредностите на работите кои ќе се извршуваат на потребното ниво и општо одржување и одржување на гробиштата во овие населени места со кои стопанисува ЈП Плаваја Радовиш.

Одржувањето на гробиштата посебно во градот Радовиш претставува голем проблем поради недооформената комунална инфраструктура со што е отежнато спроведувањето на закопите и посетата на граѓаните на нивните гробни парцели.

Поради исполнување на капацитетите за формирање на нови гробни места на градската гробишта во Радовиш, потребно е час побргу во текот на 2024 година да се најде решение кое ќе биде подолгорочно со проширување на постоечките локации со нови гробни парцели. Исто така е потребно да се обезбеди и дополнителен паркинг простор за потребите на граѓаните, а исто така и изградба на нова капела во горна зона на гробиштата како и пристапен пат. Овие работи ЕЛС при Општина Радовиш треба да ги планира на терет на буџетот на општина Радовиш за 2024 година и истите да ги реализира надвор од оваа програма.

Поради недостиг на доволни информации за гробиштата од другите населени места кој со одлука на совет се доделени на користење и управување на ЈП Плаваја, оваа програма ке ги опфати само основните предвидени работи и активности за кој сметаме дека се доволни.

ЈП Плаваја Радовиш преку одделението за Гробишта за успешно извршување на планираните работи во 2024 година ги предвидува следните активности:

1. Одржување и чистење на гробиштата, косење и кастрење, собирање и транспорт на комунален отпад

2. Парцелизирање на гробни јами, оградовање, градење на потпорни зидови и бетонирање на патеки

3. Административни работи

## I Планиран Расход

### 1. <u>Одржување и чистење на гробиштата, косење и кастрење, собирање и транспорт на комунален отпад</u>

За одржување на комуналната хигиена, зеленило со косење и кастрење потребен е ангажман од работници прикажан во табела бр.1:

**<u>Табела бр.1</u>**

| Ред.бр. | локација | Денови на интервенција | Човечки ресурси | дневница | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Градски гробишта | 250 | 4 | 1800,оо | 1.800.000,оо |
| 2. | с.Раклиш | 52 | 2 | 1800,оо | 187.200,оо |
| 3. | с. Ораовица | 52 | 2 | 1800,оо | 187.200,оо |
| 4. | с.Јаргулица | 52 | 2 | 1800,оо | 187.200,оо |
| 5. | с. Покрајчево | 52 | 2 | 1800,оо | 187.200,оо |
| **ВКУПНО: 2.548.800,оо ден.** | | | | | |

За извршување на активностите, потребни се средства за набавка на потрошни материјали прикажани во табела бр. 2 и тоа:

**<u>Табела бр.2</u>**

| Ред.бр. | локација | Гориво Ед.мер литар | Цена | 1:Вкупно | Уље Ед.мера литар | Цена | 2:Вкупно | Конец ед.мер метар | Цена | 3:Вкупно | СЕ вкупно 1+2+3 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Градски гробишта | 150 | 100,оо | 15.000,оо | 20 | 250,оо | 5.000,оо | 1200 | 10,оо | 12.000,оо | 32.000,оо |
| 2. | с.Раклиш | 60 | 100,оо | 6.000,оо | 10 | 250,оо | 2.500,оо | 600 | 10,оо | 6.000,оо | 14.500,оо |
| 3. | с. Ораовица | 60 | 100,оо | 6.000,оо | 10 | 250,оо | 2.500,оо | 600 | 10,оо | 6.000,оо | 14.500,оо |
| 4. | с.Јаргулица | 60 | 100,оо | 6.000,оо | 10 | 250,оо | 2.500,оо | 600 | 10,оо | 6.000,оо | 14.500,оо |
| 5. | с. Покрајчево | 60 | 100,оо | 6.000,оо | 10 | 250,оо | 2.500,оо | 600 | 10,оо | 6.000,оо | 14.500,оо |
| | | | | | | | | | | **Вкупно : 90.000,ооден.** | |

Собирање и транспорт на комунален отпад ЈП Плаваја ќе врши од гробиштата што се доделени на управување од страна на советот на општина Радовиш и тоа: градските гробишта во Радовиш и гробиштата во населените места Раклиш, Ораовица, Подареш, Јаргулица, и Покрајчево и тоа 3 до 4 пати во текот на годината и за изведување на истата се потребни следните средства:

**12 камионски тури х 4 пати = 48 тури х 1300,00 ден = 62.400,оо ден.**

**Работа на Скип 12 часа х 4 пати = 48 часа х 2200,00 ден = 105.600,оо ден.**

**Човечки ресурси 8 дена х 3 работника х 1250,оо = 30.000,оо ден.**

Вупно за собирање и транспортирање на комунален отпад се потребни средства во износ од **198.000,оо денари.**

**Вкупно за реализација на овие активности** прикажани во табела 1 и 2 како и собирање и транспорт на комунален отпад, **потребни се** (2.548,800,оо + 90.000,оо + 198.000,оо) = **2.836.800,оо ден.**

## 2. Парцелизирање на гробни јами, оградовање, градење на потпорни зидови и бетонирање на патеки и набавка на ХТЗ опрема, алати и материјали

За парцелизирање на гробни јами, обновување на оградувањето со бетонски столбови и жица на сите локации каде што има гробишта (во Радовиш, Раклиш, Ораовица, , Јаргулица, Покрајчево) особено на проширувањето на локацијата на градските гробишта во Радовиш како и замена на постоечка ограда од стариот дел на градската гробишта која е на граница на ул. Гоце Делчев потребни се :

**Изработка на детален урбанистички проект за парцелизација = 120.000 денари.**

Потребни човечки ресурси за изведба на градежни работи :

**52 дена х 8 работника х 1800,оо ден. дневница = 748.800,оо денари.**

Потребен материјал за оградување(Ограда од железо-дрво, метална мрежа, метални и бетонски столбови **паушално 500.000,оо денари**.

**ВКУПНО за проектирање, парцелизирање и обновување на оградата е потребно: 1.248.800,оо денари.**

**За изведување на активност и одржување на комуналната инфраструктура потребни се :**

За бетонирање на патеки и потпорни зидови потребни се следните материјали:

Песок 30м$^3$ х 1.500,оо = 45.000,оо ден.

Цемент 200 вреќи х 370,оо ден. = 74.000,оо ден

Даски за шелување 3м$^3$ х 13.000,оо ден = 39.000,оо ден.

**ВКУПНО за материјали за бетонирање на патеки и потпорни зидови потребно е: 158.000,оо ден.**

---

Поединечно **потребните алати и опрема** за реализација на програмата се прикажани во **табела 3**:

**Табела бр.3:**

| Производ | количина | Ед. Цена/мера | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Метли (сламени или пластични) | 24 броја | 150 | 3,600,00 ден. |
| Мотики | 2 броја | 600 | 1.200,00 ден. |
| Гребули за лисја | 4 броја | 1800 | 7.200,00 ден. |
| Моторна грбна косачка | 4 број | 30000 | 120.000,00 ден. |
| Ножици за кроење со долги рачки | 2 броја | 1500 | 3.000,00 ден. |

**Вкупно = 135.000,00 ден.**

Во табела 4 е прикажана **ХТЗ опремата** за работниците на одд. "Гробишта "

**Табела бр.4:**

| Производ | количина | Ед. Цена/мера | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Работно одело летно | 6 броја | 2000 | 12.000,00 ден. |
| Работно одело зимно | 6 броја | 3500 | 21.000,00 ден. |
| ракавици | 150 броја | 100 | 15.000,00 ден. |
| чевли | 6 броја | 2000 | 12.000,00 ден. |
| чизми гумени | 6 броја | 750 | 4.500,00 ден. |
| флуоросцентен елек | 6 броја | 300 | 1.800,00 ден. |
| кабаници | 6 броја | 950 | 5.700,00 ден. |
| маици | 6 броја | 350 | 2.100,00 ден. |

**Вкупно = 74.100,00 ден.**

**Вкупно за проектирање, парцелизирање на гробни јами, оградовање, градење на потпорни ѕидови и бетонирање на патеки и набавка на ХТЗ опрема, алати и материјали потребно е средства од** (1,248,800,00+158.000,00+135.000,00+74.100,00) **1.750.900,оо денари**

## 3. Административни работи и бруто плати за административни работници

Во реализацијата на оваа програма се опфатени и бруто личните доходи во административниот дел и тоа:

1. Раководител на одделение ----------------------------------- 710.000,оо денари годишно
2. Финансово и материјално книговодство и наплата -------- 1.047.300,оо денари годишно

3. Правни услуги ------------------------------------------------------ 242.180,оо денари годишно

**Вкупно за бруто лични доходи во административниот дел е 1.999.480,00 денари**

**Вкупно расходи за реализација на оваа програма со сите три основи(2.548.800, оо +1.750.900, оо +1.999.480, оо) се предвидени 6.299.180,оо денари .**

## II. Планиран Приход

Одделението за гробишта се финансира од гробна такса( гробарина) што се наплаќа по регистриран корисник на комунални услуги на ЈП Плаваја и тоа во населените места каде што со одлука на совет се доделени ингиренциите за управување и одржување на гробиштата од страна на ЈП Плаваја Радовиш, резервација на гробно место, надомест за влез на оператори и надомест за влез на каменорезци.

Вкупно месечните **приходи од такса (гробарина)** се очекува да се наплатува од околу 4500 корисника и истата ке изнесуваат околу 225.000,оо денари по месец, или за 12 месеци износот би требало да е **2.700.000,оо** денари со 100% процент на наплата.

**Дополнителни приходи** се очекуваат од **влез на оператори** и **влез на каменорезци** кој приходи од предходно искуство би биле околу **400.000, оо** денари

Бидејки расходите се планирани на **6.299.180,оо** денар а приходите се **3.100.000,оо денари,** се појавува разлика помеѓу приходите и расходите од = **3,199.180,оо денари.**

Од сето погоре прикажано очигледно е дека ЈП Плаваја Радовиш не може со планираниот приход да ги покрие сите планирани активности кој стваараат расходи кои се јавуваат во извршувањето на оваа дејност и за да може во целост да се реализира програмата ке требе да се дообезбедат средства од други извори или да се покачи таксата за гробарина.

Оваа Програма влегува во сила од денот на донесување а ќе биде објавена во „Службен гласник на општина Радовиш„ .

Број 08-1888/2 Совет на Општина Радовиш
Дата 26.12.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова

Врз основа на член 7 од Законот за комуналните дејности ( „Службен весник на РМ" број 111/08 ), член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 17 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на општина Радовиш, на XLII седница одржана на ден 26.12.2023 година ја донесе следната :

ОДЛУКА
за донесување на Програма за управување и одржување на градски гробишта во Општина Радовиш и населените места Раклиш, Ораовица, Јаргулица, Покрајчево за 2024 година

I. Се донесува Програма за управување и одржување на градски гробишта во Општина Радовиш и населените места Раклиш, Ораовица, Јаргулица, Покрајчево за 2024 година.

II. Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесување а ќе биде објавена во „Службен гласник на општина Радовиш„ .

Број 08-1888/1 Совет на Општина Радовиш
Дата 26.12.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

**РЕШЕНИЕ**
**за прогласување и објавување на Одлука за усвојување на Програма за управување со отпад на територијата на Општина Радовиш за 2024 година и Програма за управување со отпад на територијата на Општина Радовиш за 2024 година**

Ја прогласувам и објавувам одлуката за усвојување на Програма за управување со отпад на територијата на Општина Радовиш за 2024 година бр.08-1889/1 и Програма за управување со отпад на територијата на Општина Радовиш за 2024 година, бр.08-1889/2

што советот на Општина Радовиш ѓи донесе на седница одржана на 26.12.2023 година.

Број 09-1889/3 Градоначалник
Дата 27.12.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов Digitally signed

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) а согласно член 21 став 1 точка 29 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на општина Радовиш, на XLII седница одржана на ден 26.12.2023 година ја донесе следната :

# ПРОГРАМА
# ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА РАДОВИШ
# За 2024 год.

**ВОВЕД**

Средината во која што човекот живее, работи, се движи, треба да биде чиста и хигиенско-санитарна.Оваа се однесува во и околу домот, во и околу работните простории,парковите и други јавно прометни површини.

Сметот кој се создава во индивидуалните простории под покриена површина и од двoрно место, треба да биде навремено одстранет и транспортиран до соодветна депонија на Општина Радовиш.

Во зависност од стандардот на населението треба да се обезбеди соодветна и квалитетна услуга за селектирање и собирање на сметот од домовите и работните простории.

Локалната Самоуправа, Градоначалникот на општина Радовиш и ЈКП Плаваја Радовиш треба сите заедно да се стремат и организираат да спроведат поквалитетна услуга за селектирање, собирање, транспортирање и депонирање на сметот приближно како што се врши во повеке европски држави.

Со Законот за управување со отпад и со Одлуката за комунален ред се регулираат правата и обврските на корисниците како и правата и должностите на давателот на услугите т.е. ЈКП Плаваја Радовиш.

Тоа зборува дека селектирањето, собирањето и депонирањето на сметот се

организира во рамките на законската регулатива односно врз основа на Одлуката за комунален ред и мерките за нејзино спроведување, па врз основа на овие одлуки непречено ќе се одстранува сметот кој директно влијае на животната средина, на поквалитетно чистење на просториите каде човекот живее, работи, се релаксира или се движи по јавно прометните површини.

## ЦЕЛ И ЗАДАЧИ НА ПРОГРАМАТА ЗА СЕЛЕКТИРАЊЕ, СОБИРАЊЕ, ТРАНСПОРТ И ДЕПОНИРАЊЕ НА КОМУНАЛНИОТ И ИНДУСТРИСКИОТ НЕОПАСЕН ОТПАД ОД ЦЕЛАТА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА РАДОВИШ ЗА 2024 ГОДИНА

Оаа програма има за цел со нејзиното реализирање да се овозможи целосно селектирање, собирање, транспортирање и депонирање на комуналниот и индустриски неопасен отпад од целата територија на општина Радовиш, и истото да биде навремено, поекономично и поквалитетно извршено. Со оваа програма се прикажуваат планираните работи и работните задачи по реони и временски интервали, како и временската динамика на извршување, а сето тоа во склад со Одлуката за комунален ред.

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТЕЊЕТО ЗА 2024 ГОДИНА

Динамиката на изнесување на сметот содржан во соодветни садови, се врши согласно овој план, заради обезбедување на организиран пристап во селектирањето, собирањето, транспотирањето и депонирањето до соодветната депонија или собирни пунктови на комуналниот и индустриски неопасен отпад, како и обезбедување на целосна контрола врз работата во извршувањето на задачите по квалитет и одредената динамика според планот на активности.

- Фрекфенција на луѓе и моторни возила
- Степен на нечистотија
- Степен на пречки ( паркирани возила, објекти и друго )
- Инфрастуктурните сообраќајни услови
- Делување на градежната оператива, која со своите возила се јавува како еден од најголемите загадувачи на јавните сообраќајни површини.

**Одржување на јавна чистота**

Одржувањето на јавната чистота ќе се состои од:

- Рачно метење и машинско метење и миење на улиците, булеварите, како и сите други јавни површини и отворени простори и јавни објекти наведени со законот за јавна чистота.
- Празнење на уличните корпи за отпад кои се поставени во поширокото централно градско подрачје.
- Одржување на јавни површини во зимски услови .
- Расчистување на диви депонии.
- Отстранување на атмосферски наноси.

Периодот на одржување е поделен на летен период од 01.04 до 31.10 со времетраење од 7 месеци со 214 работни дена во кои се земени сите работни денови во неделите и зимски период од 01.11 до 31.03 со време од 5 месеци или 151 работни дена во кои исто така се земени во предвид сите работни денови во неделите.

Динамиката на чистењето ќе биде организирана според донесената програма за јавна чистота од страна на советот на општина Радовиш за 2024 година.

**Миење на улиците**

За перење на улиците во општина радовиш на претпријатието му е потребна нова авто цистерна со капацитет од 6 м³ за перење и дезинфекција на коловозите со што многу ќе се подобри чистотата на улиците особено во летниот период.Перењето на улиците ке биде спроведено според донесената програма од советот на општина Радовиш за 2024 година.

**Повремени работи**

Повремените работни активности се извршуваат по налог на ЕЛС за вонредно чистење на одредени улици поради верски празници, јавни манифестации и други настани кои не се составен дел од програмата за јавна чистота.

**Одвоз на сметот при метењето**

За одвозот на сметот од улиците по оваа основа што се опфатени со

програмата за одржување на јавна чистота ќе се користат специјалните комунални возила (ѓубраркии трактори) кои исто така се користат редовно за истовар на смет од домаќинствата. Во работни денови за потребите на јавна чистота и по пријава на совесни граѓани за фрлање на кабаст отпад се интервенира со трактор со приколица и еден работник.

**Одржување и управување со јавни тоалети**

Како новитет во 2024 година е услугата на одржување и управување со јавни тоалети поставени на две локации во Радовиш и тоа на паркинг кај здравен дом Радовиш и дворот од поранешен електротехнички факултет. Потребните ресурси, средства и ангажирани лица се дефинирани во програмата за јавна чистота донесена од страна на советот на општина Радовиш за 2024 година.

**Зимско одржување на улиците и тротоарите**

Подрачјето на општина Радовиш е под влијание на изменета континентална клима со влијание на медитеранска клима, што овозможува релативни благи зими и со мали врнежи од снег, а сето тоа трае два месеци во годината.

Согласно одлуката за Јавна чистота во општина Радовиш донесена од страна на Советот на општина Радовиш, правните и физичките лица се должни да го исчистат снегот и мразот од тротоарите, или до половина на улиците.

Контролата на реализацијата на овие должности ќе го врши комуналната инспекција при локалната самоуправа.

Во случај на поголеми врнежи од снег одржувањето на улиците и тротоарите ЈП Плаваја и локалната самоуправа го регулираат со посебен договор.

Превентивни мерки на заштита

Со цел да се намалат опасностите од евентуални незгоди во зимскиот период ЈП Плаваја ги превзема сладните превентивни мерки и заштита:

- Потребна работна сила и механизација за расчистување на тротоарите и улиците
- Ја утврдува потребната количина на сол и песок за посипување
- Го утврдува начинот на ангажирањето на работната сила и активирањето на механизацијата
- Го утврдува приоритетот на чистење на улиците во заедничка соработка со МВР и ЕЛС.

I . Времетраење и степен на приправност

Времетраењето на приправноста е од 15.11.2023 до 31.12.2023 год. и од 01.01.2024 до 01.03.2024 год.

Во овој период ќе бидат дежурни :

1. Два возачи на трактор .
2. Два општи работници.
3. Два возач на универзална машина скип.

Продолжувањето на времетраењето на приправноста ќе се врши по потреба во зависност од временските услови, а сето тоа усогласено со надлежните служби при ЕЛС и МВР.

II. Преглед на улици и места за интервенција по приоритет

1. Ул.Булевар Александар Македонски се до преминот со улица Ѓорче Петров.
2. Ул.8 ми Септември
3. Ул. 22 Октомври
4. Ул. Св Спасо Радовишки
5. Ул. Коста Сусинов
6. Ул. 15ти Корпус
7. Ул. Чедо Филиповски Даме
8. Ул. Самуилова
9. Влезовите пред следните институции:
   - Детски градинки
   - Здравен дом
   - Основен суд
   - Управа на ЕЛС
   - Стопанска Банка
   - Пристап до МВР
10. Сите угорници што ги има град Радовиш

III. Планирано ангажирање на работна рака и механизација

Планирана механизација:

- Универзална машина Скип 2 броја.
- Мерцедес кипер 1 број.
- Трактор за машинско растурање на сол со плут 1 број.
- Трактор за машинско растурање на сол 1 број.

Чистењето на тротоарите од снег ќе го вршат работниците кои работат на програмата за одржување на јавната чистота и одржувањето на зеленилото.

Списоците на возачи и работници се изготвени од страна на Стручните служби во ЈП Плаваја и се доставуват до ЕЛС по укажана потреба.

IV. Планирани количини на сол и ризла

Според досегашни искуства потребна количина на сол за расфрлање во една сезона е околу 20 тона, а сепариран песок ризла (гранулит 2") е околу 30 $м^3$

Финансиска конструкција на оперативниот план

Финансирањето на извршувањето на работите од овој оперативен план ќе се регулира со посебен договор помеѓу ЈП Плаваја и Градоначалникот на Општина Радовиш.

Следењето и контролата на извршувањето на работите ќе го вршат службите при ЕЛС Радовиш, а фактурирањето ќе биде по ценовник кој ќе биде предмет на договор.

Реалната вредност на програмата ќе се дефинира по завршувањето на зимската сезона согласно потрошените материјали и обемот на ангажираната работна сила и механизација.

### 3. Одржување и користење на паркови и други јавни површини во општина Радовиш за 2024 год.

Согласно на Законот за урбано зеленило Сл.весник 11/2018 како и согласно Правилникот за планирање, проектирање, подигање и одржување на зеленилото Сл.весник 205/2019 а со цел квалитетно и стручно одржување на градското зеленило и цветните површини, оделението Паркови и Зеленило при ЈП Плаваја Радовиш изготви Предлог годишна програма за подигање,обновување и користење на зеленилото за 2023 година на подрачјето на општина Радовиш.

Со оваа Годишна оперативна програма за подигање и одржување на зеленилото се дефинираат следните податоци:

1. Површини под јавно зеленило, според намената ,функцијата и степенот на одржување утврден од страна на Јавното претпријатие за управување со зеленилото или правното лице регистрирано за таа намена ;

2. Преглед за потребите за одржување и тоа :

   1) Одржување на зелени површини : Рачно косење, гребулање на трева пред машинско косење, машинско косење, собирање трева, чистење и изнесување на зелен отпад (лист, искосена трева, искастрени гранки итн.) полевање на зелени површини;

   2) Одржување на дрвенасти и грмушасти растенија: окопување дрвја, грмушки и жива ограда, кроење на грмушки, дрвја во дрвореди и жива ограда, фито заштита и полевање на дрвореди и зелени површини со цистерна како и одвоз на отпад со трактор;

   3) Одржување на цвеќе: одржување на жардињери, одржување на цветни површини: плевење, прашење, садење и расадување окопување и прашење, како и производство на цветни расади;

   4) Потребен број на извршители и опремување со ХТЗ опрема, алати и материјали како и финансиски средства согласно интензитетот и видот на одржување за секоја јавна зелена површина.

3. Подигање на зеленило, коешто опфаќа реконструкција на старото и оштетено зеленило, како и подигнување и озеленување на нови површини при изградба на комунални инфраструктурни објекти.

Врз основа на планираните дејствија во врска со одржување и подигање на зелени површини на територијата на општина Радовиш, ЈП Плаваја преку одделението за заленило ке работи по програма за одржување и подигање на зелени површини кој се донесена од страна на советот на општина Радовиш за 2024 година.

Финансирањето на извршувањето на работите од програмата за одржување и обновување на паркови и други јавни површини ќе се регулира со посебен договор помеѓу ЈП Плаваја и Градоначалникот на Општина Радовиш.

Следењето и контролата на извршувањето на работите ќе го вршат службите при ЕЛС Радовиш, а фактурирањето ќе биде по ценовник кој ќе биде предмет на договор.

**4. Управување и одржување на градските гробишта во општина Радовиш и населените места Раклиш, Ораовица и Покрајчево и Јаргулица за 2024 година.**

Јавното претпријатие за комунални дејности Плаваја Радовиш како носител на целокупните комунални дејности на територијата на општина Радовиш преку одделението за Гробишта врши дејности во оваа област и тоа во градот Радовиш и во населените места Раклиш, Ораовица, Јаргулица и Покрајчево.

Со оваа програма се утврдува видот, физичкиот обем и вредностите на работите кои ќе се извршуваат на потребното ниво и општо одржување и одржување на гробиштата во овие населени места со кои стопанисува ЈП Плаваја Радовиш.

Одржувањето на гробиштата посебно во градот Радовиш претставува голем проблем поради недооформената комунална инфраструктура со што е отежнато спроведувањето на закопите и посетата на граѓаните на нивните гробни парцели.

Поради исполнување на капацитетите за формирање на нови гробни места на градската гробишта во Радовиш, потребно е час побргу во текот на 2024 година да се најде решение кое ќе биде подолгорочно со проширување на постоечките локации со нови гробни парцели. Исто така е потребно да се обезбеди и дополнителен паркинг простор за потребите на граѓаните, а исто така и изградба на нова капела во горна зона на гробиштата како и пристапен пат. Овие работи ЕЛС при Општина Радовиш треба да ги планира на терет на буџетот на општина Радовиш за 2024 година и истите да ги реализира надвор од оваа програма.

Поради недостиг на доволни информации за гробиштата од другите населени места кој со одлука на совет се доделени на користење и управување на ЈП Плаваја, оваа програма ке ги опфати само основните предвидени работи и

активности за кој сметаме дека се доволни.

ЈП Плаваја Радовиш преку одделението за Гробишта за успешно извршување на планираните работи во 2024 година ги предвидува следните активности:

4. Одржување и чистење на гробиштата, косење и кастрење, собирање и транспорт на комунален отпад
5. Парцелизирање на гробни јами, оградовање, градење на потпорни зидови и бетонирање на патеки
6. Административни работи

   Сите подетални активности за работа, како и планираните приходи и расходи се дефинирани во програмата за гробишта за 2024 година.

**5. Активности на градска Депонија**

Градската депонија која се наоѓа на само 2 км од градот Радовиш со лош пристапен пат и во 2024 година ке се одржувана редовно.

Мора да констатираме дека депонирањето на количина отпад на гратската депонија од страна на ЈП Плаваја Радовиш во годинините назад е драстично зголемена. Причина за зголемувањето на депонираниот отпад е организираното собирање на комунален отпад на целата територија во општина Радовиш како и зголемените активности во чистење на диви депонии и организираното собирање на кабаст и друг вид отпад од населението кој го реализираме со еден трактор 5 (пет) дена во неделата каде дневно се прават најмалку 3 тури.Оваа активност е планирана да спроведува и во 2024 година со што се очекува да се намали создавањето на нови и зголемувањето на постоечките диви депонии.

Со гордост можеме да изјавме дека во подолг период т.е. од март 2019 година па се до 20.12.2023 година на територијата на градската депонија не е забележан пожар. Грижата и ангажманот во 2024 година ке продолжи со редовно одржување и навремена интервенција да се спречат појавите на опожарувања со што ке покажеме дека се грижиме за зачувување на животната средина особено загадувањето на воздухот.

За редовно одржување на градската депонија ЈП Плаваја располага со Булдожер

ФИАТ АЛИС кој иако е доста амортизиран, истиот успешно си ја заврши зададената задача во планирање и третирање со депонираннот комунален отпад на градската депонија. Голем проблем претставува депонирањето на отпад од страна на несовесни граѓани кој истиот го депонираат своеволно покрај патот што води до самата депонија. Планирано е во 2024 година во повеке наврати да се изврши чистење на просторот покрај патот до депонијата.

**6. Чистење на диви депонии**

Физичкиот обем на работите и локалитетите на дивите депонии се

определуваат според согледувањето на терен од страна на секторот за урбанизам и комунални работи при ЕЛС. При расчистување на дивите депонии ќе се користат товарни возила и градежни машини (камион, трактор и утоварувач ).Од искуството од минатите години за расчистување и траснспортирање на отпадот до гратската депонија предвидуваме повеке од 100 работни часа на машините.

- **<u>Планирани активности за 2024 година во секторот за технички работи</u>**

Од страна на секторот за технички работи за 2024 година покрај тековното работење, имајќи во предвид дека дел од возниот парк е доста амортизиран се планирани следниве активности:

**I. Во делот на машинското одржување планирано е:**

1. Репарирање на хидрауликата и редукторот на Ровокопач UNKNAUF 770.
2. Набавка на поволен автоматски менувач за специјално возило ѓубрарка Мерцедес Еконик.
3. Ремонт на еден од тракторите за собирање на смет, Трактор IMT 539.
4. Репарација на сандукот за товар на Мерцедес Кипер 12/13, ST-259-IL.
5. Репарација на булдожер ФИАТ АЛИС

**II. Во делот на доопремување-подобрување на возниот парк планирано е:**

1. Набавка на соларка (влечна).
2. Набавка на Трактори со приколица.
3. Набавка на мулчер.
4. Набавка на даска за чистење снег со можност за приклучување на ровокопач.
5. Набавка на специјално возило за собирање на смет од 5-8 м³.
6. Набавка на автоцистерна од 6 м³ за перење и дезинфекција на коловози.
7. Набавка на специјално возило со телескопска корпа за работана висина
8. Набавка на специјална машина за производство на асфалт
9. Набавка на специјално возило за неправилно паркирање и оштетени возила

**III. Во делот на градежното одделение** покрај тековните активности за санација на прекопи поради дефеци или замена на нови линии, подигање на шахти, изработка на шахти се планираат и други активности:

1. Оградување на бунари

2. Планирање и бетонирање на парцели на гробиштата
3. Оградување на Градски гробишта
4. Изградба на пристапни патеки и потпорни зидови на гробиштата
5. Работни активности во одржување и санација на објекти од стопанскиот круг
6. Санација на резервоар Чам Баир и резервоар Подареш.

Секторот за технички работи секојдневно ке ја следи потрошувачката на гориво, масло и мазива за сите моторни возила како и траекторијата на движењето и изминатите километри или работни часови како и управувањето со возилата преку инсталираниот ГПС систем и ке води грижа за намалување на потрошувачката на гориво.

## IV. Планирани активности за 2024 година во одделението за Паркинзи

Оделението за паркинзи покрај своите редовни активности за контрола на паркирање на возила на јавни површини наменети за паркирање, ке вршат и редовно одржување на хоризонталната и вертикална сигнализација на коловозите и паркиралиштата според програмата донесена од советот на општина Радовиш.

➢ **Планирани активности за 2024 година во секторот за прочистување на урбани отпадни води**

На Прчистителната станица за отпадни води во 2024 година се планирани да се изведуваат само тековни активности во редовно одржување на опремата по препораките на производителите, како и објектите за нормална работа на пречистителната станица. Во 2024 година се планира да се проектира фото напонска електрична централа или гасна централа за која ке се бараат средства за нејзина изградба од страна на надворешни донатори. Со оваа централа за производство на електрична енергија ке се овозможи значително да се намалат средствата наменети за потрошена електрична енергија и со тоа ке се остварат заштеди кој што ке влијаат на конечната цена за прочистување на отпадните води.Покрај инвестицијата во фотонапонска или гасна електрична централа во 2024 година се планира да се инвестира во нов пумпен агрегат за инлет комората кој ке биде со пооптимални перформанси и тоа со помала електрична снага а поголем капацитет на испумпување со што ке се

овозможи работен режим со една пумпа и со тоа ке се заштедат значителни средства со намалување на потрошувачката на ел енергија. Во 2024 година се планира да биде прифатена 1.500,000 м$^3$ фекална вода и во реципиентот Радовишка река се планира да се испушти 1.100,000 м$^3$ прочистена вода и обработи над 3.500 м$^3$ мил (тиња). Во 2024 година во план е да се пополнат упразнетите места со стручен технички кадар за редовно оперирање и одржување на пречистителната станица за отпадни води.

- **Планирани активности за 2024 година во Секторот за општи правни работи и човечки ресурси**

Секторот за општи, правни работи и човечки ресурси при ЈП Плаваја Радовиш е составен од три одделенија и тоа:

- Одделение за Правни работи и застапување
- Одделение за Општи работи
- Одделение за човечки ресурси

Вработените во Секторот за општи правни работи и човечки ресурси ке вршат следење, толкување и примена на законските прописи поврзани со дејностита и работењето на ЈП, изготвување и спроведување на статут, правилници , одлуки , договори , потврди, извештаи, писма и други акти за кореспонденција, поднесување на сите видови на тужби за физички и правни лица, приговори, жалби, барања за извршување, како и застапување на ЈП пред судовите, комплетирање на судски предмети и водење на евиденција, изготвување на материјали за седници на Управен Одбор, постапки за засновање и престанок на работни односи, решенија кои ги донесува директорот во врска со работниот однос, безбедност и здравје на работниците, физичко обезбедување на објекти и основни сретства, достава и прием на пошта, архивско работење, одржување на хигиена на деловни и работни простории.

- **Планирани активности за 2024 година во Секторот за контрола на корисници**

Секторот за контрола на корисници е составен од две одделенија и тоа:

- Одделение за изготвување и дистрибуција на сметки
- Одделение за информатички технологии

Вработените во Секторор за контрола на корисници редовно ќе ги извршуваат следните активности и тоа:

- Врши контрола и евиденција на новите и постојаните корисници, води сметка за издавање и корекција на сметки за извршените комунални услуги на ЈП,
- се грижи за редовно читање на водомерите на корисниците преку непосредно и далечинско читање,
- ја евидентира потрошувачката на вода во системот на податоци и ги изготвува билансите за неприходована вода,
- ги евидентира сите изливни места, врши верификација на водомерите,
- се грижи за правилно работење на компјутерскиот систем со кој работи ЈП,
- ги подготвува извештаите и помага во обезбедувањето на сите статистички податоци за работата на претпријатието,
- ги пополнува индикаторите за успешност на претпријатието.
- се грижи за навремено и точно издавање на сметките за искористените услуги кои ги дава ЈП,
- врши информирање на корисниците за сите работи кои се однесуваат на издадените сметки,
- се грижи за редовно информирање на корисниците за нивните права и обврски согласно процедурите на претпријатието и законската регулатива,
- води сметка за редовно и точно читање на водомерите и точно внесување на податоците за прочитаните податоци во системот,
- се грижи за одржувањето на водомерите на корисниците,
- дава техничка поддршка на компјутерските системи на ЈП Плаваја Радовиш преку одржување, поврзување, надградување;
- Обезбедува негово непречено функционирање (по барање и во согласност со раководителите на секторите).
- Врши активности за изградба на единствен хардверски и софтверски систем на ниво ЈП со компјутеризација на сите оддели и поврзување на различните софтверски апликации.
- Припрема спецификации на функционалности за нови софтверски решенија (по барање на раководителите на сектори и менаџментот) и учествува во набавката, инсталирањето и обуката за нови хардверски и софтверски решенија.
- Ја администрира web страната на претпријатието и навремено ги објавува на социјалните мрежи сите известувања за работата на претпријатието,
- раководи, дополнува, администрира и ја чува согласно законските регулативи базата на податоци на претпријатието.

•

## ➢ Планирани активности за 2024 година во Секторот за финансии, сметководство и комерција

Секторот за финансии, сметководство и комерција при ЈП Плаваја Радовиш е составен од три одделенија и тоа:

- Одделение за сметководство
- Одделение за финансии
- Одделение за јавни набавки

Вработените во Секторот за финансии, сметководство и комерција редовно ќе ги извршуваат следните активности и тоа:

- Ажурно водење на целокупното материјално и финансиско работење согласно Законите за сметководство и Меѓународно – сметководствените стандарди.
- Се грижи за навремено доставување на финансиските докуменити од одделението за јавни набавки, материјалната евиденција во магацинот, изводводите за состојба на паричните средства во деловните банки.
- Ја подготвува финансиска документација и ја ажурира по хронолошки ред.
- Изготвува секојдневни касови извештаи, евидентирање на благајничкото работење и ажурирање.
- Врши месечни пресметки на плати , исплата на придонеси и персонален данок.
- Изготвува месечни пресметки на данок на додадена вредност.
- Изготвува тромесечни полугодишни и годишни финансиски извештаи.
- Врши книговодствено усогласување со комитенти .
- Ја следи финансиската состојба и врши исплата на обврските према добавувачите.
- Изготвува годишен план за јавни набавки и објавува огласи за јавни набавки.
- Врши набавка на материјали, опрема и услуги за потребите на секторите за нормално функционирање на претпријатието.
- Ја следи реализацијата на договорите за јавни набавки.
- Изготвува финансов план за работење на ЈП Плаваја за наредната година и го следи неговото извршување.

**Во табелата што следува се прикажани планираните Приходи и Расходи за нормално работење на ЈП Плаваја за 2024 година:**

## ➢ ФИНАНСОВ ПЛАН ЗА 2024 година

**РАСХОДИ**

Трошоци за материјали

| Ред.бр. | Видови на трошоци | Планирани средства во денари | Временска рамка на реализација |
|---|---|---|---|
| 1.1 | Потрошени материјали и резервни делови | 9,000,000.00 | континуирано |
| 1.2 | Потрошена електрична енергија | 13,000,000.00 | континуирано |
| 1.3 | Потрошено Гориво и мазиво | 3,500,000.00 | континуирано |
| 1.4 | Трошоци за вода и смет | 1,500,000.00 | континуирано |
| 1. | ВКУПНО: | 27,000,000.00 | континуирано |
| Ред.бр. | Видови на трошоци | Планирани средства во денари | Временска рамка на реализација |
| 2.1 | Транспортни услуги | 0.00 | континуирано |
| 2.2 | Теле.услуги (мобилни) | 450,000.00 | континуирано |
| 2.3 | Теле.услуги (фиксни) | 85,000.00 | континуирано |
| 2.4 | Поштарина | 100,000.00 | континуирано |
| 2.5 | Инвестициони вложувања и одржувања | 7,000,000.00 | Септември - Декември |
| 2.6 | Услуги за прекоп и чистење депонија | 0.00 | континуирано |
| 2.7 | Услуги по договор за дело одр. | 0.00 | континуирано |
| 2.8 | Трошоци за УО | 425,253.00 | континуирано |
| 2.9 | Трошоци за закуп | 0.00 | континуирано |
| 2.10 | Услуги за зонско паркирање | 1,250,000.00 | континуирано |
| 2.11 | Услуги за санитар. контрола на вода | 1,200,000.00 | континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2.12 | Други услуги | 400,000.00 | континуирано |
| 2.13 | Услуги за регистрација на возила | 400,000.00 | континуирано |
| 2.14 | Услуги за поправка и одржување на возила | 1,000,000.00 | континуирано |
| 2.15 | Адв. Нотар. и Извршни услуги | 1,000,000.00 | континуирано |
| 2.16 | Членарини на здруженија | 100,000.00 | континуирано |
| 2.17 | Здравствени услуги | 120,000.00 | континуирано |
| 2.18 | Трошоци за Семин. и стру. литература | 100,000.00 | континуирано |
| 2.19 | Интелектуални услуги (ревизија) | 120,000.00 | континуирано |
| 2.20 | Трошоци за јавни набавки | 150,000.00 | континуирано |
| 2. | **ВКУПНО:** | **13,900,253.00** | континуирано |

**Други трошоци**

| Ред.бр. | Видови на трошоци | Планирани средства во денари | Временска рамка на реализација |
|---|---|---|---|
| 3.1 | Регрес за годишен одмор | 1,900,000.00 | континуирано |
| 3.2 | Дневници за службен пат | 150,000.00 | континуирано |
| 3.3 | Надоместок на трошоци за службен пат | 60,000.00 | континуирано |
| 3.4 | Отпремнина за пензија | 400,000.00 | континуирано |
| 3.5 | Помош на семејства | 0.00 | континуирано |
| 3.6 | Премии за осигурување | 0,00 | континуирано |
| 3.7 | Трошоци за банкарски провизии | 500,000.00 | континуирано |
| 3.8 | Трошоци за промоција пропаганда и | 0.00 | континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | реклама | | |
| 3.9 | Трошоци за репрезентација | 250,000.00 | континуирано |
| 3.10 | Трош.за репразентација бифе | 50,000.00 | континуирано |
| 3.11 | Судски такси, финанс.резер. | 200,000.00 | континуирано |
| 3.12 | Казни,пенали,штети | 100,000.00 | континуирано |
| 3.13 | Спонзорства и донации | 100,000.00 | континуирано |
| 3.14 | Камати | 1,500,000.00 | континуирано |
| 3.15 | Вред. усогл на кратк. побар. | 0,00 | континуирано |
| 3.16 | Сомнителни и спор.побар | 2,000,000.00 | континуирано |
| 3.17 | Др.нематеријални трошоци | 80,000.00 | континуирано |
| 3.18 | Др.немат.Тро.- сечење на дрва | 0,00 | континуирано |
| 3.19 | Дополнителни утврдени трошоци по решение | 0.00 | континуирано |
| 3.20 | Дополнителни утврдени трошоци по решение | 0.00 | континуирано |
| 3.21 | Трошоци за одржување на софтвер | 200,000.00 | континуирано |
| 3.22 | Трошоци за комисија за енергетика | 150,000.00 | континуирано |
| 3. | ВКУПНО: | 7,640,000.00 | континуирано |

| Ред.бр. | Видови на трошоци | Планирани средства во денари | Временска рамка на реализација |
|---|---|---|---|
| 4.1 | Набавна Вредност | 0.00 | континуирано |
| 4.2 | Амортизација (просек од претходна година) | 28,338,337.00 | континуирано |
| 4.3 | Бруто плата | 50,000,000.00 | континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4.4 | Бруто плата преку Агенција за времени вработувања | 10,000,000.00 | континуирано |
| 4. | **ВКУПНО:** | **88,338,337.00** | континуирано |
| 5=1+2+3+4 | **ВКУПНО ТРОШОЦИ:** | **135,878,590.00** | континуирано |

**ПРИХОДИ**

| Ред.бр. | Видови на приходи | Планирани средства во денари | Временска рамка на реализација |
|---|---|---|---|
| 6.1 | Приходи од продажба на вода | 40,000,000.00 | континуирано |
| 6.2 | Такса за приклучок на вода | 150,000.00 | континуирано |
| 6.3 | Приходи од приклучок на канализациона мрежа | 25,000.00 | континуирано |
| 6.4 | Приходи од канализација | 6,500,000.00 | континуирано |
| 6.5 | Приходи од нелегални приклучоци | 100,000.00 | континуирано |
| 6.6 | Приходи од водоин. услуги | 150,000.00 | континуирано |
| 6.7 | Приходи од замена на водомери | 100,000.00 | континуирано |
| 6.8 | Приходи од закупнини | 0.00 | континуирано |
| 6.9 | Птиходи од напл. отпиш. побарувања | 0.00 | континуирано |
| 6.10 | Приходи од отпис на обврски | 0.00 | континуирано |
| 6.11 | Приходи од камати | 750,000.00 | континуирано |
| 6.12 | Приходи од донации | 0.00 | континуирано |
| 6.13 | Вонредни приходи | 0.00 | континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6.14 | Приходи од минати години | 0.00 | континуирано |
| 6.15 | Приходи од тужби судски трошоци | 1,100,000.00 | континуирано |
| 6.16 | Приходи од наплата на штети | 0.00 | континуирано |
| 6.17 | Приходи од смет | 17,401,260.00 | континуирано |
| 6.18 | Приходи од продажба на канти и контејнери | 0.00 | континуирано |
| 6.19 | Приходи од изведба на работи по програма за уредување на градежно земјиште | 8,000,000.00 | континуирано |
| 6.20 | Приходи од гробарина | 2,700,000.00 | континуирано |
| 6.21 | Приходи од превоз на мртовци | 0.00 | континуирано |
| 6.22 | Приходи од резервација на гроб | 200,000.00 | континуирано |
| 6.23 | Приходи од влез на оператор и каменорезци | 200,000.00 | континуирано |
| 6.24 | Приходи од есхумација | 0.00 | континуирано |
| 6.25 | Приходи од пазарна такса | 400,000.00 | континуирано |
| 6.26 | Приходи од резервација на Тезги | 1.200,000.00 | континуирано |
| 6.27 | Приходи од пазар | 0.00 | континуирано |
| 6.28 | Такса за јавна чистота | 0.00 | континуирано |
| 6.29 | Приходи од амортизација на гранит | 25.463.735.00 | континуирано |
| 6.30 | Други приходи од вработени | 0.00 | континуирано |
| 6.31 | Приходи од погребална опрена | 0.00 | континуирано |
| 6.32 | Приходи од паркови и зеленило по програма | 5.500.000,00 | континуирано |
| 6.33 | Приходи од продажба на материјали | 0.00 | континуирано |
| 6.34 | Приходи од донации дадени во | 0.00 | континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | опрема | | |
| 6.35 | Приходи од јавна чистота по програма | 5.858.180,00 | континуирано |
| 6.36 | Вонредни приходи нотарска награда | 347,996.00 | континуирано |
| 6.37 | Вонредни приходи нотарски трошок | 132,419.00 | континуирано |
| 6.38 | Приходи од прочистување отпадни води | 15,000,000.00 | континуирано |
| 6.39 | Приходи од резервација на паркинг места | 1,200,000.00 | континуирано |
| 6.40 | Приходи од непрописно паркирање | 500,000.00 | континуирано |
| 6.41 | Приходи од паркинг по СМС пораки | 2,500,000.00 | континуирано |
| 6.42 | Приходи од паркинг од грепки | 400,000,00 | континуирано |
| 6. | ВКУПНО: | 135,878,590.00 | континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6. | Вкупни приходи | 135,878,590.00 | континуирано |
| 5. | Вкупни трошоци | 135,878,590.00 | континуирано |
| 6-5 | Добивка / Загуба | 0.00 | |

Програмата влегува во сила од денот на донесувањето а ќе биде објавена во „Службен гласник на општина Радовиш".

Број 08-1890/2
Дата 26.12.2023 година
Радовиш

Совет на Општина Радовиш
Претседател
Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) а согласно член 21 став 1 точка 29 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на општина Радовиш, на XLII седница одржана на ден 26.12.2023 година ја донесе следната :

### ОДЛУКА
за усвојување на Програма за работата со Финансов план на ЈПКД Плаваја Радовиш за 2024 година

I. Се усвојува Програма за работата со Финансов план на ЈПКД Плаваја Радовиш за 2024 година.

II. Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесување а ќе биде објавена во „Службен гласник на општина Радовиш„ .

Број 08-1890/1 Совет на Општина Радовиш
Дата 26.12.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

### РЕШЕНИЕ
за прогласување и објавување на Програма за измена и дополнување на Програма за уредување на градежно земјиште, изградба, реконструкција и одржување на комунални објекти и локални патишта во општина Радовиш за 2024 година

Ја прогласувам и објавувам програмата за измена и дополнување на Програма за уредување на градежно земјиште, изградба, реконструкција и одржување на комунални објекти и локални патишта во општина Радовиш за 2024 година , бр.08-1891/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 26.12.2023 година.

Број 09-1891/2 Градоначалник
Дата 27.12.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов Digitally signed

Врз основа на член 95 став 4 од Законот за градежно земјиште (Сл.весник на РМ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и "Службен весник на РСМ" број 275/19, 90/20 и 101/21), Правилникот за степенот на уредување на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредување во зависност од степенот на уреденост (Сл.весник на РМ бр. 193/16 и 72/18) и член 21 став 1 точка 8 од Статутот на општина Радовиш (Сл.гласник бр.5/2002 г.)

Советот на општина Радовиш, на XLII седница одржана на ден 26.12.2023 година ја донесе следната :

## ПРОГРАМА
## ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМА
### ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ, ИЗГРАДБА РЕКОНСТРУКЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА КОМУНАЛНИ ОБЈЕКТИ И ЛОКАЛНИ ПАТИШТА ВО ОПШТИНА РАДОВИШ ЗА 2024 ГОДИНА

Во програмата се предлагаат следните Измени:

- Се додава нова точка I.12 која гласи „Изградба на водоводна мрежа на улица 5 и улица 6 во УБ22 со износ од 1.021.780 денари распределени согласно Одлука на Влада бр.41-4416/6 од 27.06.2023г, остаток финансиран од донација од рудник „Бучим', точка II, позиција 4".

Во прилог е пречистена табела

## 1. □□□□□□□□□ □□□□□□□ □ □□□□□□□□□□ □□ 2024 □□□□□□

| | ПЛАНИРАНИ ОБЈЕКТИ И АКТИВНОСТИ ЗА 2024 ГОДИНА | Износ/денари |
|---|---|---|
| I | НОВОПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ВО 2024 ГОДИНА | Предвидени |
| 1 | Проектна документација со ревизија – урбанистички проекти, идејни проекти, основни проекти, сообраќајни проекти и програми, елаборати од инженерски области, проекти за изградба на инженерски објекти и комплетна инфраструктура (улици, водовод, фекална и атмосферска канализација и улично осветлување) во град Радовиш и населените места во општина Радовиш | 1.000.000,00 |
| 2 | Вршење на стручен надзор над изградба и реконструкција на објекти во град Радовиш и населените места во општина Радовиш | 500.000,00 |
| 3 | Елаборати за експропријација, нумерички податоци, ажурирани геодетски подлоги и картирање на урбанистички планови | 500.000,00 |
| 4 | Расчистување на имотно правни односи (експропријација на градежно земјиште и објекти во урбаниот опфат на градот и населените места во општината) | 500.000,00 |
| 5 | Проценки на насади и др. при постапката за експропријација на јавни површини | 50.000,00 |
| 6 | Одржување, реконструкција-надградба на постоечки асфалтен коловоз на улици низ градот и населените места | 1.000.000,00 |
| 7 | Уредување на јавни површини - тротоари, пешачки патеки, паркинг површини и др. во градот и населените места | 2.000.000,00 |
| 8 | Ангажирање на потребна механизација за чистење на коловозни површини на улици и локални патишта од наноси и снег | 1.000,00 |
| 9 | Набавка на сол и ризла за посипување на коловоз на улици и локални патишта во зимскиот период | 20.000,00 |
| 10 | Отстранување на бесправно изградени објекти и склонопадни објекти | 50.000,00 |
| 11 | Изградба на улица „Герас Цунев" во УБ16 | 3.678.133,33 |
| 12 | Изградба на водоводна мрежа на улица 5 и улица 6 во УБ22 со | 1.021.780,00 |

| | | |
|---|---|---|
| | износ од 1.021.780 денари распределени согласно Одлука на Влада бр.41-4416/6 од 27.06.2023г, остаток финансиран од донација од рудник „Бучим', точка II, позиција 4" | |
| | **ВКУПНО I** | **10.320.913,33** |
| **II** | **ОБЈЕКТИ ДОНАЦИИ ОД РУДНИК БУЧИМ ДООЕЛ (согласно потпишан меморандум)** | |
| **1** | Изработка на проектна документација и реконструкција на Центар за култура „Ацо Караманов" | **20.000.000,00** |
| **2** | Уредување на речно корито на дел од Ораовичка река | **5.000.000,00** |
| **3** | Изградба на фекална канализациона мрежа во м.в.Карши Маале с.Подареш - Изведба донација од рудник Бучим | **6.283.024,00** |
| **4** | Изградба на водоводна мрежа на улица 5 и улица 6 во УБ 22 со износ од 3.000.000 | **3.000.000,00** |
| **5** | Изработка на проектна документација и изградба на затворено помошно игралиште на Градски стадион Радовиш | **5.000.000,00** |
| **6** | Санација на плафон со ново осветлување во Центар за култура "Ацо Караманов" | **2.149.912,80** |
| **7** | Изработка на комплетна документација за Парковско уредување на дел од градски парк „Чам Баир" во Општина Радовиш | **600.000,00** |
| **8** | Водоснабдување на с.Бучим - од нов бунар до резервоар | **2.700.000,00** |
| | **ВКУПНО II** | **44.732.936,80** |
| **III** | **ОБЈЕКТИ ВО ИЗГРАДБА И ДОГОВОРЕНИ НЕЗАПОЧНАТИ ОБЈЕКТИ - РЕАЛИЗАЦИЈА ВО 2023 ГОД.** | |
| **1** | Изградба на свлечиште на пат Подареш Смиљанци | **5.000.000,00** |
| **2** | Изградба на кејска улица во УБ 15 (учество ЈИПР) | **4.500.000,00** |
| **3** | Реконструкција на противпожарен дом (учество ЈИПР) | **3.900.000,00** |
| **4** | Изградба на фекална канализациона мрежа во м.в.Карши Маале с.Подареш (финансиран дел од основен буџет на Општина Радовиш), остаток финансиран од донација од рудник „Бучим", точка II позиција 3 | **1.770.844,17** |
| **5** | Изградба на улица 9 крак 1 во с.Ињево | **3.972.826,50** |
| **6** | Изградба на фекална канализација во с.Злеово | **2.160.000,00** |
| **7** | Проектна документација со ревизија – урбанистички проекти, идејни проекти, основни проекти, сообраќајни проекти и програми, елаборати од инженерски области, инфраструктурни и други проекти за изградба на инженерски објекти и комплетна инфраструктура | **3.268.827,00** |
| **8** | Поправка на патишта од земјан коловоз и уредување на порои | **1.525.775,00** |
| **9** | Рушење на бесправно изградени објекти и склонопадни објекти | **400.000,00** |
| **10** | Проценки на насади и др. при постапката за експропријација на јавни површини | **200.000,00** |
| **11** | Вршење на стручен надзор над изградба на градежни објекти | **643.144,00** |

| | | |
|---|---|---|
| 12 | Изградба на улица бр.45 и улица бр.20 - крак во с.Иљево | **741.714,00** |
| 13 | Елаборати за експропријација, нумерички податоци, ажурирани геодетски подлоги и картирање на урбанистички планови | **762.872,00** |
| 14 | Хоризонтална сигнализација | **250.000,00** |
| 15 | Вертикална сигнализација | **204.864,00** |
| 16 | Ангажирање на потребна механизација за чистење на коловозни површини на улици и локални патишта од наноси и снег | **400.000,00** |
| | **ВКУПНО III** | **29.700.866,67** |

| | **РЕКАПИТУЛАР** | **Износ/денари** |
|---|---|---|
| I | **НОВОПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ВО 2024 ГОДИНА** | **10.320.913,33** |
| II | **ОБЈЕКТИ ДОНАЦИИ ОД РУДНИК БУЧИМ ДООЕЛ (согласно потпишан меморандум)** | **44.732.936,80** |
| III | **ОБЈЕКТИ ВО ИЗГРАДБА И ДОГОВОРЕНИ НЕЗАПОЧНАТИ ОБЈЕКТИ - РЕАЛИЗАЦИЈА ВО 2023 ГОД.** | **29.700.866,67** |
| | **СЕ ВКУПНО:** | **84.754.716,80** |

| | **ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ** | **Износ/денари** |
|---|---|---|
| А | **Надоместок за уредување на градежно земјиште** | **11.021.780,00** |
| Б | **Надоместок за експлоатација на минерални суровини** | **21.748.220,00** |
| В | **Јавно претпријатие за државни патишта** | **4.000.000,00** |
| Г | **Продажба на градежно земјиште** | **600.000,00** |
| Д | **Биро за регионален развој** | **1.000.000,00** |
| Ѓ | **Донација Рудник „БУЧИМ" ДООЕЛ** | **44.732.936,80** |
| Е | **Министерство за транспорт и врски** | **1.051.780,00** |
| Ж | **Надоместок за утврдување на правен статус на бесправно иградени објекти** | **600.000,00** |
| | **ВКУПНО:** | **84.754.716,80** |

Оваа Програма влегува во сила од денот на донесување а ќе биде објавена во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Број 08-1891/1
Дата 26.12.2023 година
Радовиш

Совет на Општина Радовиш
Претседател
Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за усвојување на измена на
Финансов план за 2024 година на
ОНБ„Браќа Миладиновци„ Радовиш

Ја прогласувам и објавувам одлуката за усвојување на измена на Финансов план за 2024 година на ОНБ„Браќа Миладиновци„ Радовиш, бр.08-1892/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 26.12.2023 година.

Број 09-1892/2 Градоначалник
Дата 27.12.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов Digitally signed

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од од Законот за локална самоупава (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 34 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија" бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 151/21) и член 21 од Статутот на Општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на XLII седницата одржана на ден 26.12.2023 година, донесе:

О Д Л У К А
за усвојување на измена на Финансов
план за 2024 година на
ОНБ„Браќа Миладиновци„ Радовиш

член 1

Со оваа Одлука се усвојува измена во Финансов план за 2024 година на ОНБ„Браќа Миладиновци„ Радовиш бр.01-144/12 од 20.12.2023 година.

член 2

Усвоената измена на Финансов план за 2024 година ќе биде вградена во Буџетот на Општина Радовиш за 2024 година.

член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето а ќе биде објавена во „Службен гласник на општина Радовиш".

Број 08-1892/1 Совет на општина Радовиш
Дата 26.12.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за усвојување на измена на
Финансов план за 2024 година на
ЦК „Ацо Караманов"- Радовиш

Ја прогласувам и објавувам одлуката за усвојување на измена на Финансов план за 2024 година на ЦК „Ацо Караманов"- Радовиш, бр.08-1893/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 26.12.2023 година.

Број 09-1893/2 Градоначалник
Дата 27.12.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов Digitally signed

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од од Законот за локална самоупава (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска сочлен 34 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија" бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 151/21) и член 21 од Статутот на Општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на XLII седницата одржана на ден 26.12.2023 година, донесе:

О Д Л У К А
за усвојување на измена на Финансов план за 2024 година на
ЦК „Ацо Караманов"- Радовиш

член 1

Со оваа Одлука се усвојува измена на Финансов план за 2024 година на ЦК „Ацо Караманов"- Радовиш бр.05-100/4 од 12.12.2024г., 05-100/5 од 12.12.2023г., 05-105 од 21.12.2023г. и 05-105/1 од 21.12.2023 година.

член 2

Усвоениот изменет Финансов план за 2024 година ќе биде вграден во Буџетот на Општина Радовиш за 2024 година.

член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување а ќе биде објавена во „Службен гласник на општина Радовиш".

Број 08-1893/1 Совет на Општина Радовиш
Дата 26.12.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за усвојување на измена
на Финансов план за 2024 година на
СОУ„Коста Сусинов„ Радовиш

Ја прогласувам и објавувам одлуката за усвојување на измена на Финансов план за 2024 година на СОУ„Коста Сусинов„ Радовиш, бр.08-1894/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 26.12.2023 година.

Број 09-1894/2 Градоначалник
Дата 27.12.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов Digitally signed

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоупава (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 34 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија" бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 151/21) и член 21 од Статутот на Општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на XLII седница одржана на ден 26.12.2023 година, донесе:

ОДЛУКА
за усвојување на измена на Финансов план за 2024 година на СОУ„Коста Сусинов„ Радовиш

член 1
Со оваа Одлука се усвојува измена на Финансов план за 2024 година на СОУ„Коста Сусинов„ Радовиш бр.05-1509/1 од 22.12.2023 година.

член 2
Усвоениот изменет Финансов план за 2024 година ќе бидат вграден во Буџетот на Општина Радовиш за 2024 година.

член 3
Одлуката влегува во сила со денот на донесување а ќе биде објавена во „Службен гласник на општина Радовиш".

Број 08-1894/1 Совет на општина Радовиш
Дата 26.12. 2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,
Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
за прогласување и објавување на Одлука за извршување на Буџетот на Општина Радовиш за 2024 година

Ја прогласувам и објавувам одлуката за извршување на Буџетот на Општина Радовиш за 2024 година, бр.08-1896/1

што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 26.12.2023 година.

Број 09-1896/2 Градоначалник
Дата 27.12.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов Digitally signed

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), член 31 од Законот за буџетите ("Службен весник на Република Македонија" број 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 151/21), член 93 став 2 од Законот за административните службеници ("Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17 и 11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21), одредбите на Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено - поправните и воспитно - поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 51/20, 172/21), одредбите на Колективниот договор на Општина Радовиш бр. 03-1619/1 од 25.10.2022 год., член 43 од Статутот на Општина Радовиш и Одлуката на Уставниот суд на Република Северна Македонија У. бр. 113/2022 ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 65/23)
Советот на Општина Радовиш на XLII седница одржана на 26.12.2023 година донесе

**Одлука за извршување на Буџетот на Општина Радовиш за 2024 година**

Член 1
Буџетот на Општина Радовиш за 2024 година се извршува според одредбите на оваа Одлука (во понатамошниот текст - Буџетот).

Член 2
Буџетот на Општината се состои од:
- Основен буџет;
- Буџет на самофинансирачки активности,
- Буџет на донации;
- Буџет на дотации и
- Буџет на заеми.

Член 3
Корисниците на средствата на буџетот се должни да постапуваат во согласност со буџетските начела, а утврдените средства во буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

Член 4
Расходите утврдени со буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.
За да се преземат нови обврски до Советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

Член 5

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на основниот буџет на општината.

Доколку во текот на годината Градоначалникот оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот, му предлага на Советот на Општината изменување и дополнување на буџетот.

Советот на Општината на предлог на Градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на буџетот најдоцна до **15** ноември во тековната година.

Член 6

Пренамената во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на општината.

Во рамките на расходите утврдени во буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од Советот на општината.

Одобрените средства со Буџетот на ниво на ставка во рамките на потпрограма и буџет, не можат да бидат намалени повеќе од **20%** со прераспределба во тековната фискална година.

Одобрените средства за плати, и надоместоци во рамки на буџет не може да се зголемат со прераспределби повеќе од **10%**.

Член 7

Буџетските корисници, во услови кога во Буџетот на самофинансирачки активности, Буџетот на донации, Буџетот на дотации или Буџетот на заеми, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување / зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на Општината на одобрување.

Член 8

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

Член 9

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, односно бруто платите се утврдуваат за:

- избраните и именуваните лица бруто платата ќе се исплатува согласно утврдениот коефициент по закон, односно 2,9 применет на основица од 47.837 денари (просечна исплатена месечна плата по вработен во Републиката за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика);
- вредноста на бодот на административните/државните службеници се утврдува со посебна Одлука донесена од Советот на Општината;
- на вработените во ТППЕ како и на вработените по Закон за работни

односи ќе им се исплаќа бруто плата согласно Правилникот за плати, надоместоци на плати и други примања на вработените во општинската администрација на Општина Радовиш и измените од истиот.

Член 10

Бруто платите на вработените во локалните јавни установи за 2024 година ќе се исплатуваат согласно утврдените коефициенти и утврдената вредност на бодот утврден со потпишаните колективни договори со ресорните министерства.

Член 11

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи, кои се финансираат со блок дотации ќе се спроведува на следниов начин:

- средствата ќе се планираат на сметка - дотации (930), а ќе се извршуваат преку сметката - дотации на локалните јавни установи (903);
- локалните јавни установи финансирани со блок дотациите се должни во рок од два дена пред исплатата на платите на вработените до Општината да достават барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе ги приложат обрасците (копија од рекапитулација за пресметани нето и бруто плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, бруто и нето плата) за месецот за кој се однесува платата;
- во случај на нови вработувања во локалните јавни установи кои се финансираат од Буџетот на дотации се должни да достават известување за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М -1.

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи кои се финансираат од Буџетот на дотации ја контролира и одобрува Министерството за финансии.

Градоначалникот на Општината е должен одделните пресметки на локалните јавни установи да ги достави до ресорното Министерство од кое ќе се трансферира блок дотацијата. Ресорните Министерства доставените пресметки за исплата на бруто плати и надоместоци го доставуваат до Министерството за финансии за контрола и евиденција.

Член 12

Месечниот надоместок за присуство на седници на членовите на Советот изнесува 50% од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година.

На претседателот на советот, за раководење и организирање на работата на Советот му се определува надоместок, зголемен за 30% од утврдениот надоместок од став 1 на овој член.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се исплатува за присуство на сите седници на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се намалува за 30% за секое отсуство од седница на совет.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот не се исплатува, доколку членот на советот не присуствувал на ниту една седница на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува, доколку

советот во тековниот месец не одржал седница.

Член 13

Вработените во општинската администрација имаат право на патни и дневни трошоци во случаите кога се упатени на пат врз основа на уредни и веродостојни документи.

Висината на дневниците за службено патување во земјата се исплатуваат во висина од 800 денари[2] и тоа за секои поминати од 08 - 12 часа половина дневница (400 денари) и цела дневница од 12 -24 часа (800 денари).

За службените патувања во странство дневницата се исплатува во висина согласно Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите на управата им се признаваат во тековни трошоци[3].

Член 14

Исплата на име надомест за годишен одмор ќе се врши од Програма - Општинска администрација - Е0 расходно конто 404110 - Надомест за годишен одмор на основа донесено решение од Градоначалникот.

Висината на надоместокот за годишен одмор се утврдува во висина од најмалку 60% од износот на просечната плата на ниво на Република Северна Македонија, исплатена во последните три месеци, под услов вработениот да работел најмалку шест месеци во календарската година кај работодавачот.[4]

Член 15

Во случај на боледување подолго од шест месеци на работникот му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна нето плата во правниот субјект каде што е вработен од Програма - Градоначалник - Д0 расходно конто 464990 - Разни трансфери

Член 16

Користењето на средствата од буџетот на Општината за вршење на функциите на буџетските корисници се реализираат со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди и фискалнасметка во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи до 6.000,00 денари каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

Член 17

За средствата утврдени во буџетот на Општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва), одлучува Советот на општината, а ги извршува Градоначалникот.

За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе Годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

За користење на средства од резервите до износ најмногу до 50.000 денари одлучува Градоначалникот.

2 Член 31 од Колективен договор на општина Радовиш бр. 03-1619/1 од 25/10/2022 година

3 Член 32 од Колективен договор на општина Радовиш бр. 03-1619/1 од 25/10/2022 година

4 Член 38 од Колективен договор на општина Радовиш бр. 03-1619/1 од 25/10/2022 година

**Член 18**

Исплатата на надоместоците за отпремнини за пензионирање на вработените во Општината и локалните јавни установи ќе се врши од Програма - Градоначалник - Д0, односно Н1 и Н2 образование, односно В1 социјална заштита и заштита на деца, односно К1 и К2 култура, односно од Програмата во која се планирани средствата за исплата на оваа намена, во висина од две основици од просечната месечна нето плата во Република Северна Македонија исплатена во претходната година[1].

Во случај на смрт на вработен во Општината и локалните јавни установи на неговото семејство му припаѓа парична помош во висина од 30.000 денари, во случај на смрт на член на потесно семејство на вработениот му припаѓа парична помош во висина од 15.000 денари, а исплатата ќе се врши од Програма - Градоначалник - Д0, односно Н1 и Н2 образование, односно В1 социјална заштита и заштита на деца, односно К1 и К2 култура, односно од Програмата во која се планирани средствата за исплата на оваа намена, расходно конто 464990 - Разни трансфери.

Исплатата на надоместоците од претходните ставови на овој член ќе се врши врз основа на претходно оформена и комплетна документација и донесено решение од страна на Градоначалникот, односно директорот на локалната јавна установа

**Член 19**

Исплата на име Јубилејни награди ќе се врши од Програма - Општинска администрација - Е0 расходно конто 464990 - Други трансфери на основа донесено решение од Градоначалникот, согласно чл. 40 од Колективен договор на Општина Радовиш бр. 03-1619/1 од 25.10.2022 год..

**Член 20**

Средствата утврдени во буџетот и распоредени во поодделните програми потпрограми ги извршува Градоначалникот на Општината.

**Член 21**

Вработувањата во општинската администрација се вршат согласно актите за организација и систематизација на општината за кои се обезбедени средства во буџетот на Општината.

Во делот на пренесените надлежности согласност за нови вработувања во локалните јавни установи од областа на културата, образованието и социјалната заштита кои се финансираат со блок дотации се дава за:

- вработувања за кои се обезбедени средства во Буџетот на Република Северна Македонија за тековната фискална година, согласно член 51 став (1) и (4) од Закон за буџетите за што писмено известување ќе даде Министерството за финансии, врз основа на барање од градоначалникот на општината до надлежното министерство за потребата од вработување во локалните јавни установи, со соодветна пропратна документација, и
- вработувања за кои се обезбедени средства во основниот буџет на општината за тековната
  фискална година за што, согласно член 51 став (3) и (4) од Законот за буџетите писмено известување ќе даде градоначалникот на општината.

Во случај на нови вработувања локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотации се должни да доставаат позитивно известување до Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1.

Член 22

Се овластува одделението за финансиски прашања да ги примени одредбите од новите законски прописи кои ја регулираат исплатата на бруто платата.

Член 23

Средствата утврдени во поодделни Програми донесени од Советот на општината и истите целосно или делумно се извршуваат од страна на јавните претпријатија чиј основач е општината, за реализација на истите градоначалникот склучува договор со соодветно јавно претпријатие за уредување на меѓусебните права и обврски и уредување на начинот на извршување на доверените работи, стоки и услуги.

Член 24

Кога приходите што му припаѓаат на буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.
Повратот на погрешно, на повеќе уплатени односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

Член 25

Буџетот на Општина Радовиш се извршува од 01.01.2024 до 31.12.2024 година.

Член 26

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Радовиш", а ќе се применува од 01 јануари 2024 година.

Бр. 08-1896/1
26.12.2023 год.
Радовиш

Претседател
на Совет на Општина Радовиш
Моника Трајанова

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ
кон Одлуката за извршување на
Буџетот на Општина Радовиш за 2024 година

Со Одлуката за извршување на Буџетот на Општината за 2024 година, се прецизира начинот на извршување на средствата утврдени во Буџетот на Општина Радовиш Радовиш, начинот на пренамена во рамките на одобрените Буџети на буџетските корисници.

Со оваа одлука за извршување на буџетот се даваат јасни насоки и правила на постапување на сите засегнати страни/буџетски корисници на средства од Буџетот на Општината со упатување на доследно почитување на буџетските начела и користење на средствата на законски, економичен, ефикасен и ефективен начин.

Исто така со наведената одлука е регулирана висината на поодделните надоместоци на вработените во општинската администрација и администрацијата вработена во правните субјекти корисници на средства од буџетот на општината.

Утврден е и начинот на постапување на користење на средствата од резервите и доделување на одредени помошти по основ на боледување подолго од шест месеца, во случај на смрт на вработен или член на негово потесно семејство итн.

Средствата утврдени во буџетот и распоредени во одделни програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на Општината, а Буџетот на Општината се извршува од 01.01.2024 год. до 31.12.2024 год.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
за прогласување и објавување
на Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платитена државните службеници за 2024 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2024 година, бр.08-1897/1,

што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 26.12.2023 година.

Број 09-1897/2
Дата 27.12.2023 г.
Радовиш

Градоначалник
на Општина Радовиш
Ацо Ристов Digitally signed

Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22)

Советот на Општина Радовиш на XLII седница одржана на 26.12.2023 година донесе

Одлука
за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите
на државните службеници за 2024 година

Член 1

Вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2024 година изнесува 81,6 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш", а ќе се применува со исплата на плата за јануари 2024 година.

Бр. 08-1897/1
26.12.2023 год.
Радовиш

Претседател
на Совет на Општина Радовиш
Моника Трајанова

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
за прогласување и објавување
на Општински Буџетски Календар на
Општина Радовиш за 2024 година

Го прогласувам и објавувам Општински Буџетски Календар на Општина Радовиш за 2024 година, бр.08-1898/1,

што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на
26.12.2023 година.

Број 09-1898/2 Градоначалник
Дата 27.12.2023 на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов Digitally signed

Врз основа на член 27 став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и "Сл. весник на РСМ" бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22)

Советот на Општина Радовиш на XLII седница одржана на 26.12.2023 година донесе

## ОПШТИНСКИ БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР
## НА ОПШТИНА РАДОВИШ ЗА 2024 ГОДИНА

| Датум | Буџетски активности | Одговорност |
|---|---|---|
| Декември/Јануари | Советот на Општината го донесува буџетскиот календар | Општинска администрација/Совет на општината |
| Јануари | Објавување на донесениот буџет од тековната година на општинската веб страница и споделување со јавноста | Општинска администрација |
| Август/Септември | Се анализираат резултатите/ реализацијата на програмите/проектите од претходниот период, и потребата за нивно унапредување, дополнување, продолжување/прекинување итн.<br><br>Советот на Општината разгледува развојни документи и започнува процесот за подготовка на Планот на програмите за развој за наредната фискална година | Градоначалник/ Општинска администрација<br><br>Совет/Општинска администрација |
| Септември/Октомври | Министерот за финансии доставува буџетски циркулар со насоки за изготвување на Предлог-буџетот за наредната година до општината<br><br>Градоначалникот доставува општински буџетски циркулар со главни насоки до општинските буџетски корисници за изготвување на финансиски планови и до одговорните одделенија за подготовка на Годишните програми<br><br>Организирање на буџетски форуми со граѓаните и посебните засегнати страни. На овие форуми може да се разгледуваат нацрт развојните и нацрт годишните програми. | <br><br>Градоначалник Општинска администрација<br><br>Градоначалник Општинска администрација |
| Октомври | Анализа на фискалниот капацитет на општината и комуникација со секој од клучните сектори во општината (со цел утврдување на нивните фискални потреби, буџетски трошења во контекст на нивните планирани активности). Усогласување на аналитичките информации со целите/ приоритетите/активностите на секој од општинските сектори | Општинските буџетски корисници/ Општинска администрација/ Сектор за финансиски прашања |

| | | |
|---|---|---|
| | Општинските буџетски корисници и одговорните одделенија за подготовка на Годишните програми ги доставуваат предлог финансиските планови и предлог програмите за наредната година со образложение за висината на износите по позиции | Општинските буџетски корисници/ Општинска администрација |
| **Октомври** | Одделот за буџет врши вклопување и анализирање на доставените предлог програми и се одредува приоритетите и одредбите за новиот Предлог буџет | **Сектор за финансиски прашања / Градоначалник** |
| **Најдоцна до 20 октомври** | Предлог план на програми за развој и Годишни програми усогласени со насоките од Циркуларот се доставуваат на одобрување до Советот на општината | **Градоначалник** |
| **Најдоцна до 15 ноември** | Се финализираат, разгледуваат и одобруваат Планот на програмите за развој и Годишните програми за наредната фискална година | **Совет на општина** |
| **Крај на ноември** | Градоначалникот го разгледува и одобрува Предлог буџетот за наредната година подготвен од страна на финансискиот оддел на општината.<br><br>Споделување на предлог буџетот, годишните и развојните програми со јавноста, организирање на информативна сесија. Доколку има издржана сугестија/забелешка од јавноста истата се имплементира пред доставување на предлог буџетот до Советот. | **Градоначалник** |
| **Декември** | До Советот се доставува конечен Предлог буџет од страна на Градоначалникот со соодветно образложение<br>Се води расправа во телата на Советот на Општината. | **Градоначалник**<br><br>**Совет на општина** |
| **Крај на декември** | -Донесување на Буџетот за наредната буџетска година.<br>-Донесување на Одлука за извршување на буџетот на општината<br>-Донесување на Одлука за вредноста на бодот за пресметување на платата на државните службеници | **Совет на општина** |

Со буџетскиот календар се утврдуваат роковите во кои :

- Градоначалникот на општината до општинските буџетски корисници ги доставува главните насоки за изготвување на финансиските планови, како и насоките за подготовка на Планот на програми за развој и други програми од страна на надлежни служби во општината.
- Општинските буџетски корисници и одделенија/ сектори во Општината ги доставуваат своите финансиски планови и програми до Градоначалникот.
- Градоначалникот го доставува предлог буџетот до Советот на општината за донесување.
- Советот на општината го донесува Буџетот за наредната година најкасно до 31.12 во тековната година.

Бр. 08-1898/1
26.12.2023 год.
Радовиш

Претседател
на Совет на Општина Радовиш
Моника Трајанова

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за прогласување и објавување на Заклучок за усвојување на Прв Квартален Извештај за настанати пожари и технички интервенции за период 01.01.2023 до 31.03.2023 година на ТППЕ-Радовиш бр.08-155/2 од 25.12.2023 година**

Го прогласувам и објавувам заклучокот за усвојување на Прв Квартален Извештај за настанати пожари и технички интервенции за период 01.01.2023 до 31.03.2023 година на ТППЕ-Радовиш бр.08-155/2 од 25.12.2023 година , бр.08-1899/1

што советот на Општина Радовиш го донесе на седница одржана на 26.12.2023 година.

Број 09-1899/2 Градоначалник
Дата 27.12.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов Digitally signed

Врз основа на член 22 и член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) а согласно член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на XLII седница одржана на 26.12.2023 донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Прв Квартален Извештај за настанати пожари и технички интервенции за период 01.01.2023 до 31.03.2023 година на ТППЕ-Радовиш бр.08-155/2 од 25.12.2023 година**

I. Се усвојува Прв Квартален Извештај за настанати пожари и технички интервенции за период 01.01.2023 до 31.03.2023 година на ТППЕ-Радовиш бр.08-155/2 од 25.12.2023 година.

II. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш".

Број 08-1899/1 Совет на Општина Радовиш
Дата 26.12.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за прогласување и објавување на Заклучок за усвојување на Втор Квартален Извештај за настанати пожари и технички интервенции за период 01.04.2023 до 30.06.2023 година на ТППЕ-Радовиш бр.08-155/3 од 25.12.2023 година**

Го прогласувам и објавувам заклучокот за усвојување на Втор Квартален Извештај за настанати пожари и технички интервенции за период 01.04.2023 до 30.06.2023 година на ТППЕ-Радовиш бр.08-155/3 од 25.12.2023 година, бр.08-1900/1

што советот на Општина Радовиш го донесе на седница одржана на 26.12.2023 година.

Број 09-1900/2 Градоначалник
Дата 27.12.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов Digitally signed

Врз основа на член 22 и член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) а согласно член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на XLII седница одржана на 26.12.2023 донесе:

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Втор Квартален Извештај за настанати пожари и технички интервенции за период 01.04.2023 до 30.06.2023 година на ТППЕ-Радовиш бр.08-155/3 од 25.12.2023 година

I. Се усвојува Втор Квартален Извештај за настанати пожари и технички интервенции за период 01.04.2023 до 30.06.2023 година на ТППЕ-Радовиш бр.08-155/3 од 25.12.2023 година.

II. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш".

Број 08-1900/1 Совет на Општина Радовиш
Дата 26.12.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Заклучок за усвојување на Трет Квартален Извештај за настанати пожари и технички интервенции за период 01.07.2023 до 31.10.2023 година на ТППЕ-Радовиш бр.08-155/4 од 25.12.2023 година

Го прогласувам и објавувам заклучокот за усвојување на Трет Квартален Извештај за настанати пожари и технички интервенции за период 01.07.2023 до 31.10.2023 година на ТППЕ-Радовиш бр.08-155/4 од 25.12.2023 година, бр.08-1901/1

што советот на Општина Радовиш го донесе на седница одржана на 26.12.2023 година.

Број 09-1901/2 Градоначалник
Дата 27.12.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов Digitally signed

Врз основа на член 22 и член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) а согласно член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на XLII седница одржана на 26.12.2023 донесе:

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Трет Квартален Извештај за настанати пожари и технички интервенции за период 01.07.2023 до 31.10.2023 година на ТППЕ-Радовиш бр.08-155/4 од 25.12.2023 година

I. Се усвојува Трет Квартален Извештај за настанати пожари и технички интервенции за период 01.07.2023 до 31.10.2023 година на ТППЕ-Радовиш бр.08-155/4 од 25.12.2023 година.

II. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш".

Број 08-1901/1 Совет на Општина Радовиш
Дата 26.12.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлука за усвојување на Програма за работа на ТППЕ-Радовиш во текот на 2024 година и Програма за работа на ТППЕ-Радовиш во текот на 2024 година

Ја прогласувам и објавувам одлуката за усвојување на Програма за работа на ТППЕ-Радовиш во текот на 2024 година бр.08-1902/1 и Програма за работа на ТППЕ-Радовиш во текот на 2024 година, бр.08-1902/2

што советот на Општина Радовиш ѓи донесе на седница одржана на 26.12.2023 година.

Број 09-1902/3 Градоначалник
Дата 27.12.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов Digitally signed

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа(Сл.Весник на РМ 5/02) и член 21 став 1 точка 29 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на општина Радовиш, на XLII седница одржана на ден 26.12.2023 година ја донесе следната :

**П Р О Г Р А М А**
**за работа на ТППЕ-Радовиш во текот на 2024**

Во текот на 2024 година, ТППЕ Радовиш ги планира следните активности :

1.Гасење на пожар и спасување на живот и имот - загрозени од пожари или од други непогодности.
Рок: Јануари-Декември

2.Вршење на технички интервенции и обуки и стручно оспособување на пожарникарите.
Ќе се постапаува по прогамата за настава и обука на единицата донсена според правилникот за настава и обука на ТППЕ,при што ќе бидат опфатени потребниот фонт наставни часови и наставни теми.
Рок: Јануари-Декември

3.Анализа на поголемите и покарактеристичните пожари кои ги гасела единицата.
Рок: Јануари-Декември

5.Изведување на тактички вежби на гасење пожари и спаување на луѓето и имотот.
-Во текот на месец мај во градските отпади за стари автомобили се изведуваат тактички вежби спасување на загрозени луѓе од сообракајни незгоди со опремата од новото ПП возило.
-Во текот на месец мај во хотел Панорама ќе се изведе тактичка вежба спасување на луѓе и имот гасење на пожар на катови со скалите од новото ПП возило како и тактичка вежба гасење на пожар во производен погон во ЈМП Македонски шуми со изолациони апарати кои се наоѓаат во новото ПП возило.

6.Испитување на исправноста на заштитната опрема
Рок: Јануари
Испитување ќе се изврши заедно со ТППЕ Стумица,според обврските на правилникот за условите за униформата, ознаките на униформата и заститната опрема на ТППЕ ке се изврши испитување на исправноста на заштитната опрема со која расаполагаат единиците.

7.Водење на пропишаните евиденции за работа на единицата.
Пријави за пожар,евидациони книги, книги за пожари, книга за преглед на опремата, информации за пожари, анализа и тн.
Рок:Јануари-Декември

8.Превентивни активности пред почетокот на летната и зимската сезона преку локалните средства за јавно информирање до сите граѓани на општината
Рок:Јануари-Декември

9.Тактичко опремување на ТППЕ.
Рок: Јануари - Декември

10.Соработка на Дирекција за заштита и спасување
Во текот на 2024 година ке се спроведуваат активности на планот на соработката со ЦУК ДЗС И ЦРВЕН КРСТ - ОПШТИНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА, РАДОВИШ.
Таа соработка ќе се предвидува да се остварува преку заеднички настапи при превентивно делување на месните заедници, при одржување работни состаноци со членови од ЦУК ,ДЗС и ЈПМ при посети на одредени пожарни локалитети

11.Соработка со претпријатијата кој што стопанисуваат со шуми,земјоделски површини, водоводна мрежа, електрична енергија и слично.
Во склопот на комисијата за надзор инстркуција и спроведување на оперативните планови за заштита од пожари на отворени површини, ќе има коптирано и работник на ТППЕ,со што ќе се задоволат и потребит е од директно запознавање со нивните планови и начинот на нивното спроведување,со сретствата за гасење со кој располагаат имотот,инсталациите,водовите и слично.Сето тоа покрај теоретско ќе се реализира и со практични вежби и посети на единицата на тие претпријатија.

12.Посета на претпријатија на општината
Рок: Март - Јуни
Посета на претпријатијата ќе биде во склоп на запознавање на стопачните патишта и со запознавање на хидрантите,хидрантската мрежа во сите организации што се во ниво на

општината. Посетата ќе се спроведува во склоп на настава.

13.Вршење на смотра на ТППЕ
Рок: Јануари-Декември
Придржувајки се кон одредбите од правилникот на начинот на вршење на работата, минималната техничката опрема и сретствата за гасење на ТППЕ, ќе се вршат предвидените смотри на единицата, ќе се констатира фактичката состојба,и ќе се превземат мерки за отстранување на констатиртаните недостатоци
Смотрата ќе се врши првиот работен ден во секој месец

14.Подготовки на единицата пред почетокот на стапувањето на летниот,односно зимскиот предиод од годината
Рок: Мај до Октомври
Пред почетокот на летната сезона единицата ќе предзеде повеке мерки и активности за што поподготвена да настапува од тој период од годината,а особено при гасење на пожари од отворена површина. Ке се вршат контакти и запознавање со претпријатието што сотопанисуват со такви површини, заеднички состаноци и разработување на актите(закон потсетник за поставување,правилник и слично.)
Пред почетокот на зимската сезона од годината,ке се превземаат мерки за подтготвтување на техниката и опремата за делување во зимски услови, како подмачкување, ставање средства против мрзнење во ладилниците, пробно поставување на синџири на погонските тркала на возилата,преглед и проверка на надворешните ПП хидранти во градот и стопанските дворови дали се оспособени во ниски температури.

15.Изготвување на интерни упатства, куќен ред и сл. како и изготвување,односно ажурурање на картотеката на објекти,улици и хидрантска мрежа
Рок:Јануари-Декември
16.Изготвување на преглед на расположлива ПП опрема и средства за гасење на професионалните ТППЕ во претпријатијата, кои би можеле да бидат вклучени во гасењето на големи пожари. Ова ке се однесува на расположливата опрема и средства во претпријатијата без формациски состав на гасители и без да се ослаби заштитата на самото претпријатие додека трае таквата акција.
Рок:Јануари-Април

17.Изготвување на преглед на расположлива ПП опрема и средства за гасење на ПП од соседните општини,кои би можеле да бидат ангажирани во гасење на големи пожари.
Рок:Јануари-Декември
Во текот на годината според однапред изготвен преглед предвидена е соработка т.е. ангажирање на соседните ТППЕ при гасење на евентуалните големи пожари со средства и опрема која ја нема нашата ТППЕ-Радовиш, поточно ангажирање на специјално ПП возило со прав од ТППЕ-Струмица или друга опрема.

18.Состанок на командирот на ТППЕ командирот,началникот на ОВР
Рок:Мај-Септември
Предвидено е такви состаноци пред почетокот на летниот период заради координирање на заеднички настапи при големи пожари на отворени површини и во текот на септември поради координирање при пожари на објекти на и други затворени просотории.

19.Реконструкција на зградата - објектот (обнова на фасада, поправки на исталации, поправка на кровна конструкција, реновирање на просториите,реновирање на купатило,реновирање на нова дежурна
Рок:Март-Декември

20. Други активности во функција за заштита од пожари на подрачјето на населеноста на ТППЕ и активности на превентивен организационен, оперативен и друг план во целата општина.

По завршувањето на секој месец, ке се изготвува извештај за работата на ТППЕ во која ке бидат опфатено се онаа што е превземено и извршено при работењето како целина на единицата и поединечно,по еден примерок од таквиот извештај ке се доставува до Градоначалникот на општината, до ДЗС , архивата на ЕЛС Радовиш.

Програмата влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Радовиш„.

Број 08-1902/2 Совет на Општина Радовиш
Дата 26.12.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) а согласно член 21 став 1 точка 29 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на општина Радовиш, на XLII седница одржана на ден 26.12.2023 година ја донесе следната :

О Д Л У К А
за усвојување на Програма за работа на ТППЕ-Радовиш
во текот на 2024 година

I. Се усвојува Програма за работа на ТППЕ-Радовиш во текот на 2024 година.

II. Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш„ .

Број 08-1902/1 Совет на Општина Радовиш
Дата 26.12.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Заклучок за усвојување на Извештаите
на Работните тела на
Советот на општина Радовиш

Го прогласувам и објавувам заклучокот за усвојување на Извештаите на Работните тела на Советот на општина Радовиш, бр.08-1903/1

што советот на Општина Радовиш го донесе на седница одржана на 26.12.2023 година.

Број 09-1903/2 Градоначалник
Дата 27.12.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов Digitally signed

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на XLII седница одржана на ден 26.12.2023 година, донесе:

## ЗАКЛУЧОК
### за усвојување на Извештаите на Работните тела на Советот на општина Радовиш

член 1

Се усвојуваат Извештаите на работните тела приложени на седниците на Советот на општина Радовиш одржани на 26.12.2023 година и тоа:

-Комисијата за Комисијата за култура, образование и спорт, 27-та седница одржана на 21.12.2023 година;

- Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина, 33-седница одржана на 22.12.2023 година;

- Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина, 33-седница-продолжение одржана на 25.12.2023

-Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој, 33-та седница одржана на 25.12.2023 година;

член 2

Овој Заклучок влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш„ .

Број 08-1903/1 Совет на општина Радовиш
Дата 26.12.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Содржина:

-Решение за прогласување и објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за финансиски резултати за период од 01.07.2023 год. до 30.09.2023 година од Јавно претпријатие за стопанисување со спортски објекти Радовиш------------------1
-Заклучок за усвојување на Извештај за финансиски резултати за период од 01.07.2023 год. до 30.09.2023 година од Јавно претпријатие за стопанисување со спортски објекти Радовиш------------------1
-Решение за прогласување и објавување на Заклучок за не донесување Одлука за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈПКД Плаваја ПО Радовиш за регулиран период 2024-2026 година бр.0202-1273/2 од 21.12.2023 година, наш бр.09-51/125 од 25.12.2023 година-------------------------1
-Заклучок за не донесување Одлука за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈПКД Плаваја ПО Радовиш за регулиран период 2024-2026 година бр.0202-1273/2 од 21.12.2023 година, наш бр.09-51/125 од 25.12.2023 година-------------------------2
-Решение за прогласување и објавување на Одлука за измена на Одлука бр. 08-1810/1 од 18.12.2023 год. за доделување на годишни награди за учебната 2022-2023 на талентирани ученици и ментори во основото и средното образование во општинските училишта од општина Радовиш------------------------------------------2
-Одлука за измена на Одлука бр. 08-1810/1 од 18.12.2023 год. за доделување на годишни награди за учебната 2022-2023 на талентирани ученици и ментори во основото и средното образование во општинските училишта од општина Радовиш------------------------------------------3
-Решение за прогласување и објавување на Заклучок за не донесување Одлука за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈПКД Плаваја ПО Радовиш за регулиран период 2024-2026 година бр.0202-1273/3 од 21.12.2023 год., наш бр.09-51/124 од 25.12.2023 година-----------------------------3
-Заклучок за не донесување Одлука за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈПКД Плаваја ПО Радовиш за регулиран период 2024-2026 година бр.0202-1273/3 од 21.12.2023 год., наш бр.09-51/124 од 25.12.2023 година------------------------------4
-Решение за прогласување и објавување на измена на ПРАВИЛНИК за доделување на стипендии на талентирани ученици во основното и во средното образование од општината Радовиш---------------------------4
-Измена на ПРАВИЛНИК за доделување на стипендии на талентирани ученици во основното и во средното образование од општината Радовиш-------------------------4
-Решение за прогласување и објавување на Заклучок за не донесување Одлука за утврдување на тарифа за прочистување на отпадни води на ЈПКД Плаваја ПО Радовиш за регулиран период 2024-2026 година, бр.0202-1273/4 од 21.12.2023, наш бр.09-51/123 од 25.12.2023 година-----------------------------------------------------8
-Заклучок за не донесување Одлука за утврдување на тарифа за прочистување на отпадни води на ЈПКД Плаваја ПО Радовиш за регулиран период 2024-2026 година, бр.0202-1273/4 од 21.12.2023, наш бр.09-51/123 од 25.12.2023 година-----------------------------------------------------8
-Решение за прогласување и објавување на Одлука за донесување на Програма за активностите на Општина Радовиш во областа на образованието во 2024 година и Програма за активностите на Општина Радовиш во областа на образованието во 2024 година-----------------------------------------8
-Програма за активностите на Општина Радовиш во областа на образованието во 2024 година-----------------------------------------9
-Одлука за донесување на Програма за активностите на Општина Радовиш во областа на образованието во 2024 година--------------------------------------------11
-Решение за прогласување и објавување

на Одлука за прифаќање донација - автобус, марка ZASTAVA TURBO RIVAL 49-10 H од ДПТУ БУЧИМ ДООЕЛ--------------12
-Одлука за прифаќање донација - автобус, марка ZASTAVA TURBO RIVAL 49-10 H од ДПТУ БУЧИМ ДООЕЛ------------------------12
-Решение за прогласување и објавување на Одлука со која во идна урбанистичко планска документација за **КО Подареш** ќе се изврши усогласување на намените, проширување и вклопување на бесправно изграден објект во плански опфат-------12
-Одлука со која во идна урбанистичко планска документација за **КО Подареш** ќе се изврши усогласување на намените, проширување и вклопување на бесправно изграден објект во плански опфат-------13
-Решение за прогласување и објавување на Одлука за донесување на Програма за управување и одржување на градски гробишта во Општина Радовиш и населените места Раклиш, Ораовица, Јаргулица, Покрајчево за 2024 година и Програма за управување и одржување на градски гробишта во Општина Радовиш и населените места Раклиш, Ораовица, Јаргулица, Покрајчево за 2024 година------------------------------------------------------------13
-Програма за управување и одржување на градски гробишта во Општина Радовиш и населените места Раклиш, Ораовица, Јаргулица, Покрајчево за 2024 година------------------------------------------------------------14
-Одлука за донесување на Програма за управување и одржување на градски гробишта во Општина Радовиш и населените места Раклиш, Ораовица, Јаргулица, Покрајчево за 2024 година------------------------------------------------------------18
-Решение за прогласување и објавување на Одлука за усвојување на Програма за управување со отпад на територијата на Општина Радовиш за 2024 година и Програма за управување со отпад на територијата на Општина Радовиш за 2024 година-----------------------------------------19
-Програма за управување со отпад на територијата на Општина Радовиш за 2024 година-----------------------------------------19
-Одлука за усвојување на Програма за управување со отпад на територијата на Општина Радовиш за 2024 година-------29
-Решение за прогласување и објавување на Одлука за усвојување на Програма за работата со Финансов план на ЈПКД Плаваја Радовиш за 2024 година и Програма за работата со Финансов план на ЈПКД Плаваја Радовиш за 2024 година-----------------------------------------------------29
-Програма за работата со Финансов план на ЈПКД Плаваја Радовиш за 2024 година-----------------------------------------------------29
-Одлука за усвојување на Програма за работата со Финансов план на ЈПКД Плаваја Радовиш за 2024 година---------61
-Решение за прогласување и објавување на Програма за измена и дополнување на Програма за уредување на градежно земјиште, изградба, реконструкција и одржување на комунални објекти и локални патишта во општина Радовиш за 2024 година-----------------------------------------61
-Програма за измена и дополнување на Програма за уредување на градежно земјиште, изградба, реконструкција и одржување на комунални објекти и локални патишта во општина Радовиш за 2024 година-----------------------------------------61
-Решение за прогласување и објавување на Одлука за усвојување на измена на Финансов план за 2024 година на ОНБ„Браќа Миладиновци„ Радовиш-----65
-Одлука за усвојување на измена на Финансов план за 2024 година на ОНБ„Браќа Миладиновци„ Радовиш-----65
-Решение за прогласување и објавување на Одлука за усвојување на измена на Финансов план за 2024 година на ЦК „Ацо Караманов"- Радовиш-----------------------65
-Одлука за усвојување на измена на Финансов план за 2024 година на ЦК „Ацо Караманов"- Радовиш-----------------------66
-Решение за прогласување и објавување на Одлука за усвојување на измена на Финансов план за 2024 година на СОУ„Коста Сусинов„ Радовиш-------------66

-Одлука за усвојување на измена на Финансов план за 2024 година на СОУ„Коста Сусинов„ Радовиш-------------67
-Решение за прогласување и објавување на Одлука за извршување на Буџетот на Општина Радовиш за 2024 година-------67
-Одлука за извршување на Буџетот на Општина Радовиш за 2024 година-------68
-Решение за прогласување и објавување на Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платитена државните службеници за 2024 година-------------------------------------------------------75
-Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платитена државните службеници за 2024 година-------------------------------------------------------76
-Решение за прогласување и објавување на Општински Буџетски Календар на Општина Радовиш за 2024 година-------77
-Општински Буџетски Календар на Општина Радовиш за 2024 година-------78
-Решение за прогласување и објавување на Заклучок за усвојување на Прв Квартален Извештај за настанати пожари и технички интервенции за период 01.01.2023 до 31.03.2023 година на ТППЕ-Радовиш бр.08-155/2 од 25.12.2023 година-------------------------------------------81
-Заклучок за усвојување на Прв Квартален Извештај за настанати пожари и технички интервенции за период 01.01.2023 до 31.03.2023 година на ТППЕ-Радовиш бр.08-155/2 од 25.12.2023 година-------------------------------------------81
-Решение за прогласување и објавување на Заклучок за усвојување на Втор Квартален Извештај за настанати пожари и технички интервенции за период 01.04.2023 до 30.06.2023 година на ТППЕ-Радовиш бр.08-155/3 од 25.12.2023 година-------------------------------------------81
-Заклучок за усвојување на Втор Квартален Извештај за настанати пожари и технички интервенции за период 01.04.2023 до 30.06.2023 година на ТППЕ-4Радовиш бр.08-155/3 од 25.12.2023 година-------------------------------------------82
-Решение за прогласување и објавување на Заклучок за усвојување на Трет Квартален Извештај за настанати пожари и технички интервенции за период 01.07.2023 до 31.10.2023 година на ТППЕ-Радовиш бр.08-155/4 од 25.12.2023 година-------------------------------------------82
-Заклучок за усвојување на Трет Квартален Извештај за настанати пожари и технички интервенции за период 01.07.2023 до 31.10.2023 година на ТППЕ-Радовиш бр.08-155/4 од 25.12.2023 година-------------------------------------------83
-Решение за прогласување и објавување на Одлука за усвојување на Програма за работа на ТППЕ-Радовиш во текот на 2024 година и Програма за работа на ТППЕ-Радовиш во текот на 2024 година-------------------------------------------------------83
-Програма за работа на ТППЕ-Радовиш во текот на 2024 година-----------------------83
-Одлука за усвојување на Програма за работа на ТППЕ-Радовиш во текот на 2024 година------------------------------------86
-Решение за прогласување и објавување на Заклучок за усвојување на Извештаите на Работните тела на Советот на општина Радовиш------------------------------------------86
-Заклучок за усвојување на Извештаите на Работните тела на Советот на општина Радовиш------------------------------------------86